музеј на женски приказни

Искра Гешоска

Христина Иваноска

Виолета Качакова

Биљана Тануровска-Ќулавковски

локомотива
lokomotiva
new initiative

2016

содржина

005
Виолета Качакова
Биљана Тануровска
-Ќулавковски
КОН ПРОЕКТОТ
И ИДЕЈАТА
ЗА МУЗЕЈ
НА ЖЕНСКИ ПРИКАЗНИ

008
БЛАГОДАРНОСТ
ДО

011
Искра Гешоска
Биљана Тануровска
-Ќулавковски
ВОВЕДЕН
ТЕКСТ

015
Искра Гешоска
ГЛАСОТ
НА СЕНКАТА
(МАЛ ОГЛЕД ЗА
ЗАПРАШАНОСТИТЕ
И ФЕНОМЕНИТЕ НИЗ
КОИ ЖЕНАТА СЕ РАЃА)

035
Анастас Вангели
ЗА ЖЕНСКИОТ
ФРОНТ ПРОТИВ
ФАШИЗМОТ
– ТОГАШ И СЕГА

045
Александар Литовски
КРАТКА
БЕСЕДА
ЗА ЖЕНИТЕ,
ЕМАНЦИПАЦИЈАТА,
БИТОЛА...

051
Рубин Белчески
ЖЕНАТА ВО
ПРИЛЕПСКИОТ
КРАЈ ВО ПРВАТА
ПОЛОВИНА НА
20 ВЕК

061
Рубин Белчески
ЖЕНАТА ВО
КРУШЕВО,
ГРАДОТ-ИЗБРАНИК,
ГРАДОТ-ВОСТАНИК,
ГРАДОТ-МУЗЕЈ

075
Илина Јакимовска
СТРЕИТЕ ШТО ПЛАЧАТ:
КАКО ЕДЕН РОДОВ
СТЕРЕОТИП МОЖЕ
ДА СЕ ИСКОРИСТИ
ЗА НЕГОВО УРИВАЊЕ
ОД ВНАТРЕ

083
Елена Марчевска
ГРАНИЦИТЕ
И МАЈКАТА:
НЕВОЗМОЖЕН
ПРЕМИН

091
Горан Јанев
СПУШТЕНИ ГЛАВИ:
РЕПРОДУКЦИЈА
И РАЗБИВАЊЕ
НА СТРУКТУРНОТО
РОДОВО НАСИЛСТВО
ВО МАКЕДОНИЈА

097
Христина Иваноска
ЗА
ЦРТЕЖИТЕ

123
БИОГРАФИИ:
КОАВТОРКИ
НА ПРОЕКТОТ

125
БИОГРАФИИ:
АВТОРИ НА
ТЕКСТОВИ

- МЕМОРИЈА ЗА ХРАБРОСТА, СЛОБОДАТА, ПОСВЕТЕНОСТА И ЉУБОВТА

Адела Фараџи – Ката
Алтана Николова
Анастасија Телеска
Ангелина Китаноска
Анѓа Кимова Јованова
Анѓа С. Николова
Анка Обучина Ангелеска
Анка од с. Лавци
Анча Поповска
Анча Ристевска
Аргида Андреевска Иванова
Атина Богданова Миланова
Атина Илиева
бабица Гајтановиќ
Блага Алампиоска Ристеска
Блага Бакалинова – Синицка
Блага Божиновска Кашовска
Блага Доневска (Милевска) Танева
Блага Илиеска Рампова
Блага Јанакиева Димитрова
Блага Јанеска (Орданоска)
Блага Крстеска Тренкоска
Блага Милошеска
Блага Никлоска Тошеска
Блага Оџоска Рампова – Белчева
Блага Петрова
Блага Петроска Темелкова
Блага Печијареска
Блага Попоска
Блага Рошкова
Блага Слабејкоска
Блага Стојаноска Спиркоска
Блага Стојческа
Блага Талеска Сотирова - ружето
Блага Чаталова
Благородна Димитрова – Бихаќ
Благородна Димитрова Алексова
Богданка Данеска
Богиња Стојаноска (Ќосеска)
Георгиеска
Божана Василеска

ТА

А

Виолета Качакова
Биљана Тануровска – Ќулавковски

КОН ПРОЕКТОТ И ИДЕЈАТА ЗА МУЗЕЈ НА ЖЕНСКИ ПРИКАЗНИ

Работејќи на територијата на пелагонискиот регион[1], од 2011 година „Локомотива“ – Центар за нови иницијативи во уметноста и културата, разви и имплементира различни проекти и активности во полето на културните политики, интерсекторската соработка и вмрежувањето на засегнатите страни од полето на културата и локалното владеење. Соработката и заедничкото дејствување со многубројните културни актери во регионот овозможи запознавање со културните потенцијали, можности и потреби во регионот, како и со богатото материјално и нематеријално културно наследство. Преку оваа соработка создадовме многубројни и долгорочни контакти, партнерства и мрежа на соработници од јавните институции и граѓанскиот сектор.

Проектот „Музеј на женски приказни“ ги генерираше претходните, но и новите искуства, соработки и партнерства, односно претставува продолжување и продлабочување во одредена, специфична тематика и нејзино промислување низ културолошка призма.

„Музеј на женски приказни“ е резултат на неколку жени-соработнички, кои своите различни перспективи, знаења и умеења ги преточија во заедничка приказна посветена на жената.

Овој проект настана по иницијатива на „Локомотива“, Биљана Тануровска-Ќулавковски и Виолета Качакова, кои ги поканија Христина Иваноска (уметничка) и Искра Гешоска (теоретичарка во културата) како ко-авторки да ја развијат заеднички оваа идеја.

„Музеј на женски приказни“ произлезе од идејата да се продре подлабоко во културата и историјата, од перспектива на жената, и да се истражи, согледа и (ре)афирмира нејзината улога во општествено-политичкиот, социјалниот и семејниот контекст преку исчитување на културните значења, симболи и асоцијации затскриени зад историските факти, што се резултат на социокултурните динамики во првата половина на 20 век во пелагонискиот регион, но со посебен фокус на градовите Битола, Прилеп и Крушево.

Заземајќи ја позицијата што тврди дека во културата, сфатена пошироко, како обликување на идентитетското и политичкото, ништо не е невино, нашата цел е да се откријат и да се деконструираат преку сублимни, социокултурни референтни напомени, историските факти и односите на моќ и да се исчита важноста на

[1]Пелагонискиот регион се користи како синоним за пелагонискиот плански регион, еден од осумте плански региони воспоставени во Република Македонија со Законот за рамномерен регионален развој од 2007 година. Пелагонискиот плански регион во себе опфаќа девет општини.

улогата на жената во општеството преку конструирање мета-наративација, приказна во приказна, создавајќи нова слика, нов „текст“ и перспектива (вербална/визуелна) за „нашата“ вистина за жената.

„Музеј на женски приказни“ се стреми кон артикулација на идентитетската и културолошката повеќезначност што е вонисториска, на трагата на Фуко, кој вели дека не се важни реалните услови за настанувањето на дискурзивното знаење, туку она што „читателот“ (ние), го смета како важно за понатамошното одредување и исцртување на наративата.

Сакавме да ја отвориме патеката што води зад она што се пласира како општествена, општо прифатено, нужна, неопходна вистина, зад која постојат конкретни општествени односи, динамика, како и идеолошки и дискурзивен апаратус што учествува во создавањето на културните значења.

Без претенциозност ова да биде научно, историско или теориско-филозофско истражување, поставивме рамка на културолошко разгледување низ одредени социокултурни и политички феномени поврзани со жената, што се чинат важни за нас.

Сметајќи дека ова наше читање ќе поттикне и поширок интерес за нови уметнички, научни, теориски и слични истражувања во ова поле, отворивме прашања за кои даваме можни одговори, гледишта низ пишани и визуелни материјали, како и разговори, рефлексии и критички согледувања низ различни перспективи.

Почнавме со неколку основни прашања што ни ја исцртуваа линијата низ која ја создававме приказната: Зошто жената во Македонија нема политичка и општествена артикулација и меморија на еманципација? Кои се интимните наспрема колективните политики што ја форматираат и ја формулираат положбата на жената? Како потчинетата жена се преозначува и кои се начините на отпор? Како таа ги крши стереотипите за неа, стереотипот за нејзината слабост и за нејзината митска моќ?

Методологијата на истражување, применета да ни даде одговор на поставените прашања, се состоеше од неколку различни пристапи:

- собирање информации од различни референтни извори: книги, есеи и научни и историски текстови;

- собирање информации од сеќавања, мемоари и реминисценции од архивите во градовите и фотоархивите;

- интервјуа и разговори;

- веќе направени студии, извештаи и истражувања;

- јавни дискусии – проследени со филмски проекции.

Истражувањето ни покажа дека повеќето историски, но и социо-културни референтни точки, особено во периодот до Втората светска војна, не се капитализирани и архивирани, а особено незабележливо се обработува или се пишува за позицијата и улогата на жената во развојот на заедницата. Нејзината улога како мајка, столб на семејството, борец, курирка, болничарка, учителка, лекарка, активистка, работничка, учесничка во политички и партиски тела, иницијаторка на различни видови здружувања, уметничка, мислителка, создавачка на политики, хероина, вткаена во приказните и архивите, но никогаш не е доволно разработена, акцентирана и артикулирана.

Немајќи простор преку овој мал проект одделно да се занимаваме со секоја посебна улога на жената, решивме своите согледувања да ги преточиме во еден мета-лик на жената – ТАА – што во себе ќе ги обедини сите жени и нивното дејствување во дадениот период, а што ќе биде посвета на нејзиното постоење, непокор, љубов, грижа, смрт, солидарност, одлучност, борбеност, посветеност... за нејзиниот придонес во развојот на општеството.

Во – ТАА – се испреплетуваат сите ликови на жени, знајни и незнајни, кои поединечно и здружено дејствувале и ги граделе политиките на заедницата во Битола, Прилеп и Крушево. Во ТАА се содржани одговорите на нашите прашања, но, воедно, извираат и нови прашања.

БЛАГОДАРНОСТ ДО

Благодарност до соработниците, поединците и институциите, што го помогнаа процесот на истражување и развој на темата и концептот на проектот:

Сенка Анастасова, Цветан Беличански, Рубинчо Белчески, Зоран Богески, Жанета Вангели, Панде Димитриевски, Јасна Златаноска (Сина Тасеска), Александар Литовски, Светлана Петковска, Љупчо Печијарески, Ѓорѓи Пулески, Арети Сидовска, Петар Ставрев, Лиљана Христова, Ирена Цветковиќ, Тони Чатлески и Благоја Чоноски.

Државен архив на Република Македонија – Одделение Битола, Државен архив на Република Македонија – Одделение Прилеп, НУ Заводи и музеј Битола, НУ Заводи и музеј Прилеп, НУ Историски музеј Крушево, НУ ЦК „Марко Цепенков“ Прилеп, Организација на жени на општина Битола, Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ Скопје и Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ Битола.

TA A

Божана Илиеска Илија
Божана Пелтевска
Божица Петлеска
Боца Иваноска
Вангелица Котеска
Васа Капчева Симон
Васе Аполеска Корубиноска
Васе Калчева
Васе Конеска Блажева
Васе Петреска
Васе Стеваноска Стеванова
Васе Чатлеска Јорданова
Василица Печалева
Василка Анеска Александрова
Василка Велеска Лазо
Василка Дуца – Георгиева
Василка Пашоска Илиева
Василка Стојческа
Васка Алтипармак
Васка Ацеска Ицкова
Васка Мендејца
Васка Пајмакоска Глигурова
Васка Цветаноска
Васка Циривири Богева
Велика Ангелоска
Велика Венкоска Китанова
Велика Ивановска
Велика Милева
Велика Секулоска Тодорова
Велика Стојчевска
Венда Николова
Венда Христова – Темелкова Николова
Вера Андонова Стојчева
Вера Атанасоска
Вера Ацева
Вера Димовска (Џамбазова) Ангелова
Вера Маркоска (Пунтеска) Јорданова
Вера Менкарова Чулева
Вера Оровчанец Николова
Вера Циривири - Трена
Вера Чавдарова Панева

Искра Гешоска
Биљана Тануровска – Ќулавковски

ВОВЕДЕН ТЕКСТ

Во време кога зборот, а особено запишаниот збор, архивираното промислување за сите феномени на културата се сосема девалвирани и изостануваат, сметаме дека е од исклучително значење да се остави трага на пишан запис што ќе сублимира различни гледишта и позиции низ кои се исчитува улогата на жената во историјата, во социокултурниот и во политичкиот живот.

Не е едноставно да се зборооформи, во една широка, слоевита и сеопфатна перспектива она што значи траекторија на идентитетското растење и нарација на борбата што трае и што секогаш ќе има нови предизвици.

Од епистемолошка перспектива, многубројни се можностите за нурнување во еманципаторските движења, пориви, појави на жените на ова поднебје, но и воопшто. Уште понедогледен е хоризонтот на мотивациските, идентитетските, културолошките котви поврзани со поетиката на исцртувањето на прецизната општествена, историска и политичка траекторија на жената (особено жената на овие простори не како изолиран субјект, туку како интегрален дел на секој сегмент од она што се нарекува одговорна заедница) од дамнина до денес, а со тенденција да се допре она што доаѓа.

Токму затоа, промислувајќи го овој деликатен сегмент од артикулацијата на „музејот“ посветен на женскиот раскажувачки глас, одлучивме, во пулсација на целокупното проектно кредо, да понудиме полисемичен и хибриден епистемолошки пристап, каде што дискурзивноста ќе биде ехо на многугласието во читањето на зададените теми.

Во име на слободата, што е суштественият копнеж и најсилниот двигател на женскиот онтос, сакавме да создадеме ракопис и писмо на слободното препрочитување и артикулирање на аргументите што ќе допрат до различни фрагменти од наративот за жената.

Низ записите што следуваат се разгрануваат низа различни перспективи што полемички ја разгледуваат улогата и позицијата на жената, нејзиниот статус во минатото и денес. Авторите имаат свој специфичен пристап, што доаѓа од нивниот примарен интерес во полето каде што дејствуваат професионално, а тој се протега низ феноменологијата, историјата, антропологијата, политичките науки, културата и уметноста. Една од целите беше авторите критички да рефлектираат во однос на денешната социополитичка клима и нејзиното влијание врз позицијата на жената во општеството.

Илина Јакимовска ја отвора Пандорината кутија на статусот на современата урбана жена, што се очекува да биде „подвластен" на мажот, при што обидот да се излезе од наводно наследениот, а всушност само замислен модел, се толкува како увезена новина и каприц, а не за сосема вообичаена појава, карактеристична за латентните слоеви токму на таа, традиционална култура. Анастас Вангели ги анализира актуелниот политички контекст и родовата еднаквост, нудејќи ја и конфронтирајќи ја позицијата дека во време кога нужно се појавува потребата од нова општествена и политичка парадигма, мораме да учиме од нашите претходници: суштината на борбата мора да ги зафати сите елементи на општествени односи – а особено прашањето на родовата еднаквост и родовата правда. Горан Јанев нуди антрополошка перспектива за родовиот идентитет на оваа почва, индивидуален и колективен, односно секогаш преплетен од овие две компоненти. Преку таквата своја епистемолошка постапка, тој го скицира и родовиот идентитет на заедницата за која говориме. Рубин Белчески, пак, како посветен и темелен историчар, прави прецизен пресек на архивите на случувањата поврзани со женските еманципаторски појави на територијата на Прилеп и Крушево. Александар Литовски создава хибриден историографско-филозофско-културолошки херменевтички приказ на комплексните релации, навики и случувања во битолскиот регион, премостувајќи го минатото кон сегашноста. Искра Гешоска создава метанаратив на идејата за жената низ перспективата на клучните двигатели на нејзиниот хабитус: љубовта, смртта, заедницата, храброста, мислата, борбата. Елена Марчевска, низ колажен пристап составен од сеќавања, до нивна артикулација преку нејзините уметнички проекти и нивно теориско промислување, ја претставува позицијата на жената –

мајка, емигрант, која со себе го носи историскиот преттекст и интергенерациска одговорност да ја раскаже невидливата приказна на траумата на заминување, стремејќи се да ја зачува историјата, но и да ги гради условите за еднаквост во новата средина. Христина Иваноска ни говори за односот и за мотивите на уметникот кој визуелно го артикулира она што е наслоено во културата и историјата. Таа во својот текст нè воведува во експликацијата и во аргументацијата на нејзиното визуелно критичко и аналитичко ткаење на приказната.

Вергула
Верка Иваноска Миланова
Верка Јованова Колиштркова
Верка Попоска
Верка Талеска (Николоска)
Верка Шукуроска
Весела Беличанец Георгиева
Весела Димитровска
Весела Јорданова Коцева
Весела Константинова Димкова
Весела Крстеска Димкова – Брезоска
Весела Мојсоска Недева
Весела Спиркоска
Весела Трајкоска
Весела Ќупароска
Весела Чаученска – Настиќ
Веслеинка Малинска
Вета Јанкулова Костова
Вета Кондоска
Вида Попоска
Гена Стојаноска Петрова
Гена Дамчевкса
Гена Јанкоска Орданова
Гила (Гула) Тапанџија
Горица Анастасовска
Горица Дамеска Сотирова
Горица Кајџаноска Ицкова
Горица Кипарова
Грозда Цветаноска Кочоска
Гуца Секулова
Даница Антоска
Даница Јанкова Ордаиоска – Оровчанец
Даница Јанкулоска Петрева
Даница Костова
Даница Крстеска (Мрческа)
Даница Хаџипопова
Даринка Петрова (Арсова)
Даринка Петрова Арсова
Деса Бесараба
Деса Кутурец

Искра Гешоска

ГЛАСОТ НА СЕНКАТА[1]
(МАЛ ОГЛЕД ЗА ЗАПРАШАНОСТИТЕ И ФЕНОМЕНИТЕ НИЗ КОИ ЖЕНАТА СЕ РАЃА)

Барајќи ги траекториите за патувањето на жената низ хоризонтите на морето што сега е плодна житница[2], обидувајќи се да ги најдеме одговорите на она што сега Е преку она што некогаш било, исправени сме пред ѕидот на кој се исцртуваат, втиснуваат, императивните појмовни одредници на политичката, историската, колективната, интимната, па дури и естетската архива на гестови, тетовирајќи едно тело. Тело кое е одредено од безбројните ракописи на културата на едно време, чие раѓање, растење, зреење и стареење не се мери календарски, со датуми, месеци, години, часови. Говориме за вониструско време, кое тече и се впишува како повеќедимензионален и повеќезначен пејзаж во телото на жената. Тоа тело, фрагментирано, распарчено, најчесто обликувано од потребата и копнежот на другиот, ги прикажува и ги илуминира како интерфејс сите промени на органите кои ја сочинувале околината низ која се движело и се движи, а кои го одредиле неговото постоење како единствено, неповторливо, тивко, кревко, но одлучно, истрајно и силно. Телото на една жена во која вовираат и извираат, се вчитуваат и отчитуваат трагите од парадигмите на моќта, на јазикот, на говорот, на меланхолијата, на љубовта, на стравот, на слободата, на посветеноста, на припаѓањето. Тоа солидарно тело, кое постои од дамнина до денес, ги содржи во себе форматите на битка со интимните и колективните политики на опстојување и на траење. Недофатно тело кое го содржи во себе знаењето за светот во сите негови наличја, достоинствено артикулирајќи ги низ својата интимна анти-историја неговите аномалии и тивко, но темелито менувајќи ги.

Многукратно ранувано, со обиди некој да го претвори само во протеза за своите големи историски гестови, идеализирано за возвишените потреби на уметноста или брутализирано за обесчовечените, бедни стратегии на војната, флуидното тело на жената, минувајќи низ шумата на општествени знаци и апаратуси, го пронаоѓа во макотрпност, но одлучност, патот по кој никој не сака да се движи. ТАА е нишката низ лавиринтот во кој загубената заедница не можела да го најде излезот без неа. Таков е патот по кој ТАА стигнува до себеси.

ТАА обитува таму каде што секое тело почнува да го бара она што некогаш го изгубило. Не се плаши да тргне во потрагата на изгубе-

[1] Овој текст е резултат на истражувањето спроведено на територијата на Прилеп, Битола и Крушево, а со фокус на жената, нејзините идентитетски, општествени поставености, клучни внатрешни и надворешни идентитетски одредници и еманципаторски заложби во периодот од 1900 до 1945 година, односно крајот на 19 и првата половина од 20 век. Текстот се потпира на историски и архивски податоци, усни искази, но не претендира да биде историски запис, туку феноменолошка арматура за социо-културните поставености на жената во овој период. Во прибирањето на историската и архивската граѓа еднакво учество земаа Христина Иваноска, Виолета Качакова, Билјана Тануровска-Ќулавковски и Искра Гешоска.

[2] Пелагонија – од старогрчкото pelagos, што значи море.

ното себе во Другиот. Ја боли, но не нејзината рана и нејзиното умирање, туку раната и смртта на заедницата. ТАА е мртва само доколку се усмрти заедницата. И тешко кој може да ја разбере во целата сеопфатност ваквата нејзина раскрилена прегратка. Тешко кој може да ги разбере политиките на пријателството, што ТАА ги воспоставува помеѓу раѓањето и умирањето. ТАА плови низ сопственото анти-време со корабите кои ги гради со својата лирска храброст, станувајќи невидлив кормилар на разумот и угодноста на неугодното во културата, на радоста во тагата, на раѓањето во смртта, на љубовта во омразата, на храброста во кукавичлукот, на говорот во тишината, на здружувањето во раздруженото, на храброста во кукавичлукот, на траењето во миговноста.

ТАА е дијалектика во мирување. Протестира, алармира, се бори, иницира, демонстрира, деконструира. Се деконструира најпрвин себеси, а потоа и сликата за себе, која сака да ѝ ја украде покорувачката моќ, што знае да владее само доколку го обезмоќи другиот.

Секоја сегашност е определена со синхроницитетот помеѓу времето што минало и она што доаѓа. Во неа вистината е концентрирана до точка на распрснување. Минатото и сегашноста запаѓаат во одредена констелација заедно, која може да се согледа како низ фотографски објектив.

И затоа, овде, да си споменеме на сите оние кои се обиделе во една точка од потрагата по својот јазик и по својот ракопис, да го кренат гласот, симболички, но и фактички, во една синхрониска, вертикална перспектива, против она што генерално се одредува како белег во однос на жената преку Параграфот 920 од Српскиот граѓански закон од 1844 година, каде што жената, во кралството Југославија, се изедначува со „малолетните и малоумните, и со тоа ѝ се одзема правото на слободно и самосвесно дејствување“. Ова се стигмите во Македонија, на Балканот, во 1884 година. Тогаш, политичкиот говор не бил добро артикулиран, не бил систематизиран, ниту, пак, бил, софистициран. Не постоеле тие фини алатки на политичката коректност, зад кои денес се затскриваат многуте сè уште моќни и сè поперфидни „покорувачки“ процеси што ја одредуваат жената како „помошник“, а не како интегрален, двигателен дел од дарот за конституирање на заедницата. И покрај дискрими-

нирачката грубост што им се припишува на дамнешните времиња, сепак не би смееле да го заобиколиме ехото на симболичкото значење на овие одредници кои што важат и денес. Тоа ехо го позиционира телото на жената надвор од мислечките, самосвесни, еманципаторски, јавни двигови на слободата, на борбата, на нејзиното форматирање во огништето и надвор од него.

„Стварната слика на минатото нечујно ни се измолкнува. Минатото може да се долови и да се дофати само како слика што силно блеснува во мигот на сознајното толкување и потоа се губи во неповрат... бидејќи со секоја сегашност минатото може да добие нови значења и одново да се спознае себеси“, вели Валтер Бењамин, во своите Филозофско-историски тези.

И под превезот на оваа епистемолошка парадигма на Бењамин можеме да воспоставиме мост помеѓу оние општи одредници кои ја артикулираат географијата на движењето на жената низ мапата на нејзината еманципација во котелот на моќта, во нејзината борба со светот и со меланхолијата. Тоа е мапа на која е исцртана напрегнатоста преку која ТАА ја надминува својата декоративна улога и станува политички субјект во општеството.

„Жената е личност и нејзините интегритет и достоинство мораат да се почитуваат. Јас верувам во нејзините интелектуални и творечки способности, кои што можат да дојдат до израз само ако жената биде прифатена како слободна и рамноправна личност. ТАА треба да ја земе во свои раце сопствената судбина и сознаена за своите вредности да тргне во борба за целосна еманципација. Жената е неделив дел од човековиот бит, таа ги носи сите тешкотии на семејниот живот, таа е мајка, воспитателка, таа е домаќинка, таа е одговорно лице и пред мажот во денешното капиталистичко општество, во кое егзистираат два закона – еден за правата на мажот и другиот за обесправеноста на жената. (...) Во нашата Организација жената учествува еднакво со нас и дава жртви – како и ние, па според тоа треба да се користи со еднакви права. Многу наивно и глупаво е да се мисли дека жената не дава жртви. Ами мажот ѝ, брат ѝ, татко ѝ кога ќе настрадаат и се убиени? Зарем жената тоа безболно го прима?“, јавно се застапува Никола Петров Русински, во периодот помеѓу 1893 и 1903 година.[3]

[3] Види во Весковиќ-Вангели, Вера, Жената во ослободителните борби на Македонија, 1893 -1945, Култура, Скопје, 1990.

Во светот каде што жената се третира како метафора, како скаменета аналогија, врз чиишто нарации се нижат сегашноста и иднината, имаме потреба да ја истражуваме и согледаме невидливата историја. Нештата кои за нас се невидливи и апстрактни имаат свое амблемско, монограмско значење. И во таквата невидлива историја постои едно тело кое прашува и одлучно бара да му се одреди еднакво просторот на мислење и на дејствување. Нема или-или, туку и-и.

Секоја вистина, секое знаење е дискурзивно произведено и стои во основата на идејата што одредена епоха ја смета за вистината, што е прифатена како таква од доминантната група. Во таа смисла, вистината е парцијална, но сака да воспостави привид на општоприфатеност и нормалност. Тоа значи дека говорот, како таков, не е важен, туку е важно кој, како, што и од која позиција говори. Затоа, во историјата, во нарацијата за поединецот и за одредена група, велиме дека се воспоставуваат ограничени режими на вистината, што се претставуваат како нормални и според кои се гради целосниот културен, општествен и политички пејзаж. Врз нив се воспоставуваат културните меморији кои ги обликуваат сегашноста и иднината. Сите системи на вредности, хиерархискиот поредок, обичаите и навиките, што не се проблематизираат и се подразбираат, се плод на метакултурно производство, па токму поради тоа се релативни и променливи. Затоа, историјата треба да се чита не како процес на континуитети, туку како конгломерат од фрагментирани дисконтинуитети со кои владеат различни културни формации, формулирани од одреден доминантен систем на знаење, неспоредлив со оној што му претходи.

Историјата, јасно е, не претендира да биде неутрална, незаинтересирана и објективна или да ги опишува историските настани онака како што се случиле. Не барајте каузалност, не барајте архиварство и темпоралност. Ова е наратив на битката што е во траење, на нештата што веќе се интерпретирани. Наратив што сака да го почне своето патување наспроти етаблираните модели на знаење, да ги преиспита историите на интимните процеси и феномени на еманципација, специфични за една култура, но применливи за културата воопшто, да ги насети разгранувањата во историските процеси на производство/продукција на идентитети.

Исчитувајќи го одново концептот на паметење, на музеолошко архивирање, исцртуваме своевиден интимен, личен антимузеј, кој сакаме да ѝ го посветиме на жената во Македонија. Сонуваме за деконструкција на архивските податоци што се во обид да конструираат поинакво читање на историската зададеност. Замислата за архивата и музејот како опкружување на човековиот свет можат да се согледаат како бескраен лавиринт на паметењето, често има различни наличја и му се измолкнува на обидот за неговото конечно фиксирање. Ја откривме ТАА, која е архива на вербата, љубовта, кошмарот, целомудрието...

ВЕРУВА

Верува во љубовта со ризик. „Љубовта без ризик е како војна без мртви – нема средби, нема случајност“, шепоти ТАА. Жената ризикува. Затоа што ја сознава онтологијата на љубовта. ТАА не копнее по безбедност – ТАА копнее по целосно предавање, по длабоко искуство на другоста од кое љубовта е исткаена. Токму затоа жената ги измислува ризикот и авантурата како одбрана на љубовта од комфорот и сигурноста. Бидејќи тие водат кон нејзината смрт. А ТАА на смртта ѝ се спротивставува токму со љубовта. Љубовта го ткае нејзиното политичко битие. ТАА раѓа и поттикнува љубов. Љубовта ѝ е водилка во исцртувањето на мапата во која се промислуваат и се впишуваат стратегиите на слободата. ТАА го мисли светот и себеси преку дискурсот на љубовта.

Историските и антрополошките записи велат дека е посветена домаќинка, дека нејзината улога е да го организира малото општество наречено семејство, но и дека е страствено доследна на револуцијата, дека има визија за своето организирање како потпора, но и како поттикнувач во борбата против неправдата, против поробеноста, дека има лидерски капацитети, дека некогаш е похрабра и од мажот во фронталните битки, дека „културата на тишината“ што ја направила вековна сенка ѝ е предност во комуникацискиот дар умно и мудро да ги артикулира разногласијата што можат да доведат до разединување наместо до обединување. Велат дека одлучно истапува и во заднината и во раководството. Мајка, сопруга, курирка, војвотка, организаторка, агитаторка, учителка, лекарка, партизанка, работничка, активистка...

Процепот, отворот низ кој се стекуваат сите овие нејзини атрибути е ефемерноста на љубовта. Љубовта ѝ овозможува слобода, но и цензура во движењето на мислењето. Тоа е точката во која минатиот и сегашниот миг се спојуваат во една искра на поистоветување, која го запира движењето низ историската хоризонтала, но го засилува разбирањето за внатрешното допирање на идентитетските, културните и политичките нарации.

ТАА ја прекинува историјата и отвора нова историска можност, што го опросторува и го ситуира времето во сегашноста, поинакво од општоприфатениот код. ТАА преку љубовта, слично како и погледот на главата на Медузата, создава нова темпоралност на осаменоста, која се бори за заедницата. Низ калеидоскопот на љубовта, историската перспектива се менува во зависност на актуелните историски мигови, врз кои нејзините илуминации добиваат разни нијанси. Љубовта за неа е единствениот капиџик низ која поројно се нижат приказните, историите, толкувањата. Непрегледна низа на она што е и на она што би можело да биде.

Величествена рана, патека од стотини илјадници чекори, каде што ништо веќе нема да може да биде исто, но сè ќе *биде*. Вонисториската жена, која секогаш гради поинаква историја е со вел од љубов, со крената глава која полека ја слика љубовта, своето друго, својата внатрешна градина, својата храброст, следејќи ја линијата што зад себе остава динамични и бурни бранови.

Љубовта е процес на конституирање на себеси низ другиот. Јас се нурнува низ интимното и колективното друго, низ сопствената прозирност, која го воспоставува одново како субјект. Благодарејќи на искуството на љубовта Јас се вкоренува и се втемелува во својот флуиден и припаѓачки идентитет. Тоа е таа апологија на љубовта, неретко блиска до верскиот занес, до епифанијата. Во љубовниот занес се крие семето на универзалноста. Во љубовта постои искуство на можен премин од чиста посебност кон универзална вредност.

Заради љубовта, македонската жена е како авангардната уметност – ексцесна, експериментална, интермедијална. ТАА има тивок утописко-револуционерен концепт за пресврт на општеството и успева во деструкцијата на обичајните, клишеизирани и идеолош-

ки норми да го менува општеството во модерно. Слом на утописки визии и побуни. Аномалија и ексцес во доминантната култура. Копнеж по израз на специфична, неповторлива и исклучителна индивидуалност и егзистенција, што се препелка од тажење до битка. Индивидуалност со огромна продукција на значења и вредности, која развива еклектички и плурални стратегии на преобразбата. Преку неа се преместуваат и се премостуваат историските текстови и модалитетите на дејствување.

СРЕДБА

Најцврстиот корен врз кој расте плодот на женското тело, на нејзините процеси на дејствување е љубовта. Кога љубовта не може да го најде својот објект, тогаш ТАА станува клопче на метафори. На љубовта треба да ѝ се пристапи од два агли. Првиот е раздвојување, потреба од разлика, од концептот за „двајца“. Но, кога во мигот ќе настапи на историската сцена разлаченоста, се појавува потребата да се искуси светот на нов начин, што ќе му даде неизвесен облик. Тоа е средбата.

Жената постои за средбата. Средбата со заедницата, со себеси. Во средбата љубовта се исцрпува, се истоштува, прегорува, но од пепелта се раѓа зајакната. Тоа е настан на рамниште на чудо. Тоа е оној хероизам кога концептот за „двајца“ впловува во нарацијата на „еден“, „за-едно“. Токму вербата во средба, преку која се креира сопствениот простор на слобода и дејствителност, е нарацијата на вонисториската борба на жената на овие простори. ТАА е љубов која треба да се именува како средба во постојано изградување. И на крајот, љубовта е оној модус вивенди, што од неа прави тело што верува и се надева дека светот може да биде подобар и поправеден.

ГОВОРОТ НА СЕНКАТА

1.
Везилке, кажи како да се роди
проста и строга македонска песна
од ова срце што со себе води
разговор ноќен во тревога бесна?

Два конца парај од срцето, драги,
едниот црн е, а другиот црвен,
едниот буди морничави таги,
другиот копнеж и светол и стрвен.

Судбинско нешто се плело за века
од двете ниски, два созвучни збора,
едната буди темница што штрека,
другата буди вкрвавена зора.

(*Везилка*, Блаже Конески)

Во дијалогот, толку копнежливо посакуван, а вековно отсутен, ТАА е целокупноста на животот – говор што разјаснува, што обелоденува, што нуди и гарантира решение, што создава безбедност, што ја повикува нужноста за соочување.

ТАА говори со јазикот преку кој ја одредува сопствената позиција на ехо. Говори гласно кога некој ќе му го даде говорниот апаратус на општественото прифаќање. ТАА е заднински глас на јазикот „кој знае“. И, со тоа, парадоксално, станува водечки, доминантен глас – подадена рака за Другиот, која ќе му го покаже излезот од конфузијата на времето, од збунетоста на интимното и на колективното.

Нејзиниот говор низ историјата, па до денес, е говор што храбро се соочува со фактот за клучните наличја на животот – љубовта, мака-та, тагата, смртта, прифаќањето, борбата. Тоа е телото на везилка-та, тоа е вистината за светот, што ТАА сака да ја сподели.

Зборовите како такви не се вистинити или лажни. Говорот не е секогаш исказ што говори за вистината или лагата. Тој имплицира потрага за смисла, но не и за вистина. Оти ТАА не сака да ја прифати еднозначноста на вистината. Така и жената – ТАА не е ниту нешто вистинито ниту лажно. Нејзиното значење не можеме да го зборoформиме додека не се открие што означува во одредена поврзаност, во одредена синтаксa. Нејзината синтаксa е ризом од сенки, кои сакаат да се преобразат во политичко тело. Нејзината тивкост е звук чија семантика е помоќна од доминантната врева на заедницата.

Затоа, ова е приказна за она што било, е и сака да биде, не како аргумент на вистината и лагата, туку како течение на логосот, на кохерентните говор и дејствување низ кои смислата за едно постоење сака да ја согледа својата целовитост, неретко исполнета со болка, но секогаш овенчана со волја и посветеност, кои историјата или воопшто не ги согледува или ги согледува како чуда, како отстапки, како исклучоци – никогаш како нејзин ’рбет.

Говорот на сенката успева да се втурне во процесот на конституирање на мислењето, на „прифатениот и одобрениот јазик“, слушајќи го своето ехо низ вековите како одзвонува, често во празнотијата на историскиот метеж.

СОЗНАВАЊЕ НА ЦРНОТО СОНЦЕ

„Кукам со години, кукам со векови и никако не можам да превтасам со кукање. Само во кукањето болката ми се одзива. Овдека насекаде ко порачано за кукање: за живите нема место, а за гробови и кукање место колку сакаш. Кукам и се греам на црните солзи, на црното сонце. А нема поширока земја од оваа за кукање, одовде најдалеку се слуша кукањето.“ (*Кукавица*, Петре М. Андреевски)

Меланхолијата, според некои дефиниции, е свртување кон себеси, пресврт кон внатре поради она што е надвор, поради она што е резултат на динамиките на заедницата. Но, тоа свртување кон себеси подразбира аскетски и критичко-мислечки модалитети на рефлексивност. Како што забележува Фридрих Ниче, свртувањето кон себе подразбира порекнување на нешто со кое длабоко не сме согласни – борба, отпор против наметнатото. Чекор кон освојување на слободата украдена од конвенционалните воспоставености на времето. Генеалогијата на слободата е, на некој начин, генеалогија на отпорот изразен преку парадоксите на меланхолијата. Меланхолијата во јазикот, во тишината, во говорот стои тивко или гласно наспрема имплицитно или експлицитно присутното насилие. Насиле како прифаќање на ултиматумите на културата.

Од една страна, постои порекнато и неразрешено јазлиште на болката, а од друга страна, самосвесниот субјект е во поход во кој себеси секогаш одново се пресоздава. Амбиваленцијата на мелан-

холијата е поврзана со агресивно поставената препрека кон изгубеното друго. Забраната создава идеализации, при што еднакво создава идеализација и на болката како чиста и света практика. Од културата на тишината се раѓа сенката на жената која е исполнета со меланхолична амбиваленција.

Таа меланхолична амбиваленција патува цел век, а и малку повеќе од тоа низ општествените регулации на психичкиот живот што почива врз нејзината сенишност што е производ на мноштвеноста на психичките, интимните, јазичните и општествените слоеви поставени во заемен однос.

Меланхолијата е постисториска тага на отсутната смисла. Кон меланхолија се наклонети епохите во кои се одигрува колапс на религиските и политичките идеали. Таа произлегува од институционалната и од јазичната отуѓеност.

Светот е исполнет со интимни и колективни/политички прекршувања. Лицето на македонската жена се огледува во две нијанси – меланхолијата на општествениот живот и општествената регулација што ѝ го доделува местото крај огништето. Но, што значи огништето? Дали е тоа прекаријатна артикулација или можеби е контекст од кој извираат сите значења што ТАА ги слои до денес?

МОЛИТВА

„Сè што се уништуваше беше заради неа
и сè што се обновуваше беше заради неа.
Така светот се делеше на видлив и невидлив,
на неослободени земји и на земји во развој,
но немаше земја кај што не ја сретнав неа.“

Петре М. Андреевски

ТАА се чини како молитва, како сеопфатност на умот и на срцето, како сосредоточеност на раѓањето и на умирањето. Молитвата е логос (кохерентен говор) кој не претпоставува сведување на светот и на појавите само на вистина и лага. Тоа е преплетување на сите зададености, на сè што е, што било и што сака да биде. ТАА како молитва е нешто заради кое светот постои или исчезнува. Но, дали

е ова пасивна позиција? Дали ова ја одредува како безвучен говор кој постои само низ културата на тишината, како конгломерат на туѓи желби?

Молитвата на македонската жена е молитва за безвучност, за безвучен говор во сета оваа развревеност што ни е потребен за да го согледаме сето она што ни е дадено, а со кое не можеме да се помириме.

ТЕЛОТО И МОЌТА

Ова тело има цел да ја опише генеалогијата на сегашноста, значењето на целокупноста од случувања што ги овозможиле битките во сегашноста. Низ тие фрагменти и сигнатури на жената во еден зададен, но растеглив период низ минатото, сегашност и иднината ги откриваме значењата и механизмите на моќта не само како патерн на функционирање во историјата на жената туку и воопшто. Низ тој патерн ја разбираме нејзината сторија подобро.

Откриваме како моќта, апаратусот на моќта влијае во просторот меѓу телото и сознанието. Телото е книга во постојана дезинтеграција. Постои инскрипција на општествената моќ врз телото. Телото е објект, цел и инструмент на моќта, област во која операциите на моќта најмногу инвестираат. Тоа е влог во битката за контрола на симболичките значења на материјалноста, од кои моќта најмногу стравува. Телото е закана за моќта токму затоа што е непредвидливо и може да се користи на потенцијално безброј начини, според бесконечно разновидните културни диктати.

Сите односи се односи на доминација, на владеење и покорување, на потчинувач и потчинет. Првата лекција на цивилизацијата е лекцијата на покорувањето. Инстинктот на потчинетост е меморија што е силна и почива врз наученият копнеж да се биде послушен. Тоа е сигурниот начин за трасирање на насилството. Политичката моќ, пак, не е ништо друго освен „организација на насилството“ – таа е ублажено и прикриено насилство.

Она што се случува денес е одговор на прашањето дали жената била подготвена на потчинување на тиранијата, воспоставувајќи го привидот на пасивната позиција? Критиките на патријархатот, испитувањето на односот помеѓу јавното и приватното, пробле-

мите на сексуалноста, стереотипите за жената, се тематските траги што не го заобиколуваат нашиот регион. Тие упатуваат на медиумска манипулација со женското тело во рамките на класата и различните општествени групи, укажувајќи на тоа дека, особено во модерниот свет на нееднакво распределена моќ, е нужно да се вклучат проблемите на родот во разни сегменти на културниот живот и на процесите на културното означување. Дали треба да постои прифаќање на групен, роден идентитет што важи за сите жени? Не може да се третира односот на дискриминацијата, а да не се земат други параметри во вид како што се политичката, културната, религиската одреденост на контекстот. Овие аспекти претставуваат конфликтен јазол на женскиот идентитет.

Културните трансформации нудат различни трасирања на теренот во овој период, но едно е клучно – невидливо раскриленатa жена сама патува низ политичките, културните, религиските одредености на регионот, на заедницата. ТАА се обидува да закрепне низ разни формати на споделена или делегирана моќ, приближувајќи го својот слободен дух, кој е затскриено заробен во премолчените архиви, кон животот, кон легитимноста на отпорот. ТАА се бори да го редефинира зададениот, наметнатиот идентитет во бележењата на народното творештво, на оралната историја, во книжевноста и во дијаграмот на времето од дамнина до иднина.

Потчинување, отпор, преозначување – постои имплицитен систем чии затвореници сме. Секој сака да го разбере тој систем на исклучувања и ограничувања што го користиме, понекогаш и без да знаеме за тоа. Таквиот систем е доминантен за искуството на жената која овде обитува во една историска хоризонтала повеќе од еден век. Токму затоа ТАА сака културното несвесно да го направи очигледно.

Постои инвазија, опсада врз телото на жената која е стратешка синергија на опресивните институционални културни кодови, зададени во целокупноста на дисциплинираната заедница и на она што го воспоставува својот јазичен, дискурзивен модел како конечен производ на потчинетост. Заедницата дејствува врз телото на жената, присилувајќи ја да се доближи до идеалот, до нормите на однесување, до моделите на послушност. Така, жената станува дискурзивна сопственост на заедницата – ТАА станува принцип на

сопственото потчинување. ТАА е потчинета на еден темелен начин. Заробена е нејзината душа како политичка, општествена перспектива.

Но, лицето кое говори, кое мисли е лице кое се бори, кое дава отпор. И жената говори, мисли, дава отпор. Ја трасира својата вклученост и го активира својот нотен систем и виолински клуч, во заедницата на глувите. ТАА е во постојана битка, што трае и по сите завршени историски битки.

Нејзиното тело е медиум врз кој оперира и преку кој функционира моќта. Моќта преку своите дисциплинирачки форми го користи телото за да ги контролира знаењето, желбите и задоволствата. Телата се посредници на знаењата, на моралните и на интелектуалните артикулации. Телото функционира како црна кутија – врз него се втиснуваат видливата и скриената трага на времето, се дејствува, од него се извлекуваат информации. Сепак, нејзиното тело е место на модалитет на активен отпор кон интервенциите на моќта, локус на интензивна енергија на целата социокултурна продукција.

А телата, често, се жигосани за да креираат спомен, меморија според начелата на оној што ја поседува моќта. Затоа нејзиното тело постојано, во дијахрониска и синхрониска перспектива, создава непослушност заради воспоставување на слободата.

КОГА СЛОБОДАТА СЕ КОПНЕЕ

Слободата се случува само преку ставање на сопствениот живот на коцка, симболички, но и фактички, ако треба. Може да постои само кај оние што имаат сила да ја издржат тегобноста на смртта. Ставањето на животот на коцка е миг на конституирање на смислата на самосвеста што ја одредува позицијата на говорот и на дејствувањето.

Македонската жена е сторија на „науката за слободата“. ТАА како да изникнува од школката на заедницата во која како скапоцен црн бисер е скриена слободата. Се разбира, постои алијанса помеѓу „науката за слободата“ и репресивните практики. Иако смислата на зборот слобода останува неодредена и затворена во рамките

на онтологијата на субјективитетот, во тој збор, сепак, постои едно бреме на историјата и традицијата, односно пренос на еден порив, што никогаш не престанал со својата силина да повикува на нужност, не престанал да инсистира дека судбината не треба да се соочува со ништо друго освен со идејата и копнежот по слободата. Станува збор за традиција на радосниот повик, што е тешко да не се препознае, иако постојано се изневерува и се злоупотребува.

Но, можеби не треба да говориме за слобода, туку за великодушност, како нешто првобитно, како што запиша некаде Адорно. Ако говориме за великодушност, тогаш ќе ѝ го ослободиме местото на слободата. Оти вака ја задушуваме, ја дефинираме. Жената не сака да ја дефинира и да ја врами идејата за слободата – ТАА плива, нурка низ нејзините лавиринти на великодушноста во семејството, во политичкото, во градењето на културните идентитети.

И покрај тоа што заедницата сака да ја умртви и да ја механизира, ТАА има храброст да им погледне еднакво и на животот и на смртта во очи. Да ѝ се погледне на смртта во очи значи да се дојде до слободата, до признанието.

ПРИПАЃАЊЕТО КАКО СОЛИДАРНОСТ

Припаѓањето означува, недвосмислено, индивидуален ентитет. Тоа е својство инхерентно на една личност, која може себеси да се артикулира во однос на другите нешта или особености, но во суштината постои независно од нив. Во природата на групата е да ѝ се спротивставува на независноста, да ја уништи секоја автономија, да ги отфрла својствата на индивидуалната снага.

Копнежот по припаѓање дава сила. Во еден политички перформатив треба да се третира како енергија што се ослободува со физички или социјални движења.

Жената има тенденција да биде алегорија – ТАА не е она што го покажува, туку ТАА е она што произлегува од означителските комбинаторики и од структурата на околностите во заедницата. Новото значење не е само брош, налепница туку произлегува од значенската отвореност на поривот да се биде потпора, да се биде солидарен и на тој начин да се припаѓа.

Нејзиното тело е скршено, распарчено, не од непријателот, туку од заедницата.

Затоа ТАА, со својата одлука да припаѓа станува и цитат, преносник, премостувач и преместувач на едно значење во контекст, онаму каде што тоа добива други значења. ТАА знае дека само така може да се остави трага од наслоените искуства.

Мисијата на припаѓањето е како фантазмот – јазол во кој се спојуваат желбата и нагонот, желбата и нејзиниот имагинарен објект. Фантазмот е местото каде што се воспоставува релација помеѓу субјектот и неговиот недостиг. Фантазмот е структура што го конституира субјектот. Така, и припаѓањето – тоа е низа настани што се одвиваат длабоко во онтолошките процеси на личноста. Припаѓањето е структура што го конституира нејзиниот говор.

Околу жената е потопло. ТАА е дом. Чувствувањето и сочувствувањето добиваат длабочина. Секакви топли ветришта дуваат околу нејзиниот дух, околу нејзината историја. Духот на жената зачудено седи мирно – каде ли бев досега, се прашува. Со ширум отворени очи тој гледа кон своето талкање, кон својата цврстина, кон самоотуѓувањето и отуѓувањето од историската заедница. Тоа е дух кој има лет на птица, далековидост на јастреб кој го пресекува ладното небо, лебдејќи носен од ветрот. Покровот над главата е само привид на нејзиното пребивалиште. Тој покров секогаш го поместувала, без никој да забележи. ТАА, таму, сместена во домот, го отворала покровот кон небото за да може да ги прими низ своето тело сите струења. ТАА е самиот покров, без крај. И токму заради таквиот однос на самоспознајноста, што немала потреба да ја промовира низ гласноста на јазикот, ТАА е нешто што постојано изненадува. ТАА го изненадува настанот, оној историскиот и вонисторискиот. Како реконвалесцент постојано рануван од концептот за заедницата, ТАА неретко мирно страда (и тоа не ѝ се допаѓа, но стамено го прифаќа), сепак нејзиното страдање е всушност ткаење на трпението со кое победува во најголемите битки. Не се плаши да умре. Да умре од љубов, да умре од посветеност, да умре за промената и исчекорувањето надвор од историјата. Мудроста се изнедрува од болката. Низ трпението, низ трагите од раните и од безгласноста, се артикулираат сопствените „за“ и „против“. Се учат начелата на перспективата за секое вреднување и самовред-

нување. Со сопствени очи мора да се согледа хиерархијата. Мора да се сфати нужната неправедност во секое „за“ и „против“, неправедноста што е неделива од животот. Неправедноста што го условува животот, што е негов двигател. А неправдата секогаш е најголема онаму каде што животот е најштур, најскуден.

Во такви услови, ТАА поставува чудесни коридори помеѓу домот и светот, помеѓу себе и заедницата.

Постои богатство на разни културни трансформации. Во рамките на тие можности, сепак се трасира одреден терен, се градат специфични концептуални арматури на политичкото, на јавното и на интимното. Тоа ѝ дава на една одредена група заокруженост и цврстина. Но, жената овде е отворен простор. ТАА не е хероина, ТАА е тело кое се разликува, кое сака своите разлики да ги втисне во сегашноста... ТАА не сака да биде концепт – ТАА едноставно Е. ТАА не дозволува рамка и заокруженост. ТАА е пунктум, миг на постојано исчекорување, изненадување. ТАА не сака да биде омеѓено поле и статична нарација. ТАА го деконструира сопствениот авторитет и со тоа има право да ја деконструира историјата на авторитетите. Наклонета е кон авторефернцијалност. Презира декларативност. Дејствува. Мисли. Создава.

Низ нејзиниот идентитет на припаѓање се прекршуваат сите концепти на културата, се откриваат субјективните доживувања на културата и специфичните јазици и значења на многуте потткултури. Токму затоа идентитетот е фрагментиран, раскршен, испресечен по разни основи. Идентитетите – класен, родов, вредносен, верски – се проникнуваат, се преплетуваат. Како под лесна свилена наметка танцуваат љубовта, смртта, стравот, храброста, тагата, радоста. Идентитетот е нестабилен и променлив во однос на времето и на просторот. Хибридниот идентитет, каков што е нејзиниот, е резултат на промените во општеството, во микро- и макро-заедниците, што влијае на неможноста да се фиксира или да се затвори во културни обрасци.

Во контекстот што е хомоген, центриран, самодоволен, ТАА создава нови текстови на културата. Во неа се крие потенцијата на еден разновиден, отворен, деконструиран свет, кој нуди поинаков наратив, отворен и интерактивен. Тоа е просторно-временски текст

поставен самостојно, со силен интегритет, но и во еднакво силен сооднос со другите текстови на културата.

Припаѓањето некогаш се трансформира и во гест на жртвување – во речиси митски гест на посветеност на просторот, телото и чинот. Настанува своевиден контратрансфер – набљудувачот презема улога на перформер. Но, во тој перформанс не се очекува гест на пораката, туку се конструира егзистенцијата. Всушност, тоа е исчекор во друга биднина, каде што ТАА не е набљудувач, туку учесник. Така се воспоставува размена на афектите во која припаѓањето не е жртвена позиција, туку занесна можност и животна радост.

ЗА КРАЈ

Постојат неколку симболички, речиси митски традиционални точки на допирање, на одбивање, на размена, на болка, тага, рана, но и на радост што го одредуваат женското вонисториско тело.

Точка 1: Матка – заштита, скривалиште, соборност на умот, телото и срцето.

Точка 2: Плодност – можност за размножување, расејување на мислењето, на чувствувањето, на солидарноста, на прифаќањето, на храброста.

Точка 3: Раѓање – капацитет да се издржи болката што светот ја има иманентно во себе, но и болката што светот ја нанесува на онаа што ја нарекува понежна. Привилегија да се сознае дека тагата е чекор кон радоста и дека радоста и љубовта треба постојано и постојано да се сознаваат во обременетост. Шанса да се донесе на светот поинаква перспектива од маскулинистичката.

Точка 4: Мајчинство – множество на посветени, подвижнички активности што вплодуваат со грижа, сочувство, поддршка и темелно спознавање на другиот.

Тоа се точки што всушност се вмрежуваат, се проникнуваат, создаваат едно тело, еден крик и така вмрежени во својата контрадикторност прават да се почне пловидбата без восок во ушите низ сите Сцили и Харибди. Оти жената нема потреба да стави

восок. ТАА сака да се соочи со искушенијата и со стравотиите што Сцилите и Харибдите ги ставаат на сцената на животот. ТАА има храброст постојано и постојано да го раѓа сопственото постоење, но и постоењето на Другиот, низ битка, низ љубов, низ одбивање, низ прифаќање. ТАА е одбиена, неретко омаловажена и обвиена во политичката меланхолија. Сепак, во својата одбиеност, истрајува да ја однегува и да ја преобрази својата потреба за припаѓање. Нејзиното тело, нејзините мислечки процеси сакаат, копнеат да припаѓаат. Но, да припаѓаат по сопствена волја, а не по декрет на некоја институција, што сака да ја дисциплинира жената според своја мера.

Мрежата што моето тело, моето политичко, јавно и интимно тело ја гради, е мрежа врз која Алиса се обидува да го пронајде својот сон во земјата на насилството. Тоа значи дека станува збор за сон чија реалност минува низ многу замки, лавиринти, прекршени огледала, опасни владетели... За на крајот од приказната, во јавето, мрежата да има шанси да стане поцврста, со појасна траекторија на пловидба низ морето, каде што се води вечната битка да не се биде уловен токму во истата мрежа, што ја ткаеме самите ние, но која содржи материјали и од „наредбата“, „декретот“ на заедницата. Тие материјали треба да се заобиколат во процесот на ткаење.

Жената ја бара Другоста. ТАА својот интегритет нема пречки да го оствари преку другоста, оти без другоста не може да се постои. Токму затоа, нејзиниот јазик е јазик на храброста и на нежноста. ТАА е борец со најтемните думани на животот во потрага по артикулацијата на она што значи вистинска заедница, а не псевдозаедница. Во своето патување ТАА често е ставена во занданата на нормираната култура што сака да ѝ го одреди местото.

Секоја жена е една уникатна Алиса. Патешествието на Алиса низ сонот е, од една страна, борба со нормираниот идентитет, потреба да се победи битката на сите пранги што ги создава неугодното во културата, но воедно е патување што сака да ги скрши стереотипите за жената. Стереотипот за нејзината слабост, но и за нејзината митска моќ. Не, жената е и кршлива и нежна, но и храбра и истрајна. ТАА носи тајни што не се соодветни на законите на логиката. Алиса е трактат за жената која сака да ја покаже нужноста од

спротивставување во однос на педагогијата на културата. Нејзиниот идентитет е тајна. Нејзината болка е восхитна тајна. Нејзината радост е филигранска тајна.

- МЕМОРИЈА ЗА ХРАБРОСТА, СЛОБОДАТА, ПОСВЕТЕНОСТА И ЉУБОВТА

Деса Миљовска
Деса Радовановиќ
Добра Димитровска Богоева
Добра Јованоска Цекова
Добра Петреска Миланова
Добра Спиркоска Трајкова
Добрила Делова Кузева
Добрила Жереска Балент
Добрила Цакова Влахова
Добрица Јорданова Трајкова
докторка Пренда
Донка Вејлановска
Донка Гецовска
Донка Јурукова
Донка Козароска
Донка Мирковска
Донка Ристевска
Донка Црвенкоска Трајкова
Дора Фундали
Дорка Стеваноска Николоска
Драга Манеска Иванова
Драга Попоска Андонова
Драга Русеска Костова
Драга Чаловска
Драгица Савеска Георгиева
Драгица Трајкова Јорданова
Драгица Трајкоска
Дунавка Чопелоска
Ѓурѓа Стојаноска Котева
Елена Јованоска Кусеска
Еленица Велеска Михајлова
Елпида Караманди
Естреја Леви - Лена
Естреја Овадија – Мара
Жамила Колономос – Цвета
Живка Цветаноска
Жулија Батино/Жули Батино Асео
Загорка Гавриловска
Загорка Гаврилоска Алексо
Загорка Магдеска Јован
Загорка Петровиќ

Т А

А

Анастас Вангели

ЗА ЖЕНСКИОТ ФРОНТ ПРОТИВ ФАШИЗМОТ – ТОГАШ И СЕГА

Македонија од раните деведесетти до денес (2016), а од тие особено во последната декада, е во состојба на корупција во самите клетки на општественото ткиво. Зборуваме за кризи – економска, политичка, правна, општествена, криза на легитимитетот – но кризното чувство и однесување се одамна нормализирани. Не очекуваме ништо добро, но и покрај тоа, некако успеваме одново и одново да бидеме разочарани. Да се биде денес „од Македонија“ не претставува ниту идентификација ниту припадност, туку дијагноза; а борбата со нејзината инерција од нас бара да смогнеме повеќе сили од што поседуваме. Опасно е да се спектакуларизира и да се хиперболизира сопствената ситуација во време кога впрочем сегашноста е грозна низ целиот свет. Можеби контрапродуктивно е да се оди во крајности и да се биде фаталистички настроен, особено ако се земат предвид сопствените привилегии. Но, моето интимно чувство е дека да се биде од Македонија онаква каква што е во моментот на пишување на овој текст значи да се соочуваш со анксиозност, тензија, деморализираност, стаписаност и неможност за адекватно изразување на своите емоции и потреби.

Сиот тој стрес не е само резултат на „инфекцијата“ туку и на борбата на имунитетниот систем, и тоа е добро. Во Македонија постои гнев, отпор и посакување на подобра иднина и антитела што се носители на таа борба. Неминовно е дека многу скоро, една вистински Нова Македонија ќе мора да се роди, иако дотогаш агонијата можеби и ќе се продлабочува „сè додека старото одбива да умре и не му дозволува на новото да се роди, ќе живееме во времиња на монструми“, како што велеше Грамши.

АКТУЕЛНИОТ ПОЛИТИЧКИ КОНТЕКСТ И РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ

Во времето на пишување на овој текст, Македонија ја тресат најголемите протести што имаат цел изградба на подобро општество. Илјадници наши сограѓан(к)и извикуваат #Протестирам во сè поголем број на места низ земјата. Борбата е далеку од добиена, но сè повеќе сè чини дека старата Македонија е во последната фаза на согорување, дека конечно таа ќе согори и ќе имаме шанса од пепелта да го воздигнеме новото општество, поправедно и похумано од сегашното. А за тоа да се случи, мораме да учиме од

нашите претходнички: „суштината на борбата мора да ги зафати сите елементи на општествени односи“ – а особено прашањето на родовата еднаквост и родовата правда.

Впрочем, еден од најтемните аспекти на нашето време е и устоличувањето на парохијалниот традиционализам и патријархализам, што нанесува безброј родови (и не само родови) неправди. Македонија во 21 век се (ре)традиционализира – од жените се труди да направи добри родилки и домаќинки, нарушувајќи го нашето право на избор и подривајќи ја женската слобода преку стигматизација. Ако еден од најголемите успеси на жените-борки во првата половина на дваесеттиот век беше резот со стегите на традиционалното, денес сме вратени многу чекори назад и некогаш освоениот простор треба повторно да се преосвојува. Сепак, лекцијата е многу важна – општествената реалност е производ на односите на моќ, а тие не се никако еднонасочни и предетерминирани – напротив, има чекори напред и има чекори назад, а траекторијата во идниите времиња е „отворена“ – никој не знае што следува. Колку што плаши неизвесноста, толку остава и простор за борба, но не остава простор за откажување – ситуација многу блиска како онаа во која се наоѓаа жените-борки од кои овој потфат е инспириран.

Неприфатлива е и денешната економска неправда врз жените, што, освен што е производ на структурните сили на пазарот, потпомогната е и од носењето закони и политики со кои директно и индиректно се кратат работничките права на жените и се спушта дното во индустриите, каде што најголемиот број вработени се жени. Таквата ситуација во Македонија е последна фаза на процесот и проблемот на неолиберализмот и профитерскиот фундаментализам, сеприсутната идеологија и когнитивна матрица што во Македонија владее и пустоши четврт деценија; а воведена под превезот на идејата дека невидливата рака и магичното стапче на пазарот ќе успеат да ги решат сите проблеми – и економски, но и политички и социјални. Распарчувањето на заедничката економија и недостигот на сопствени капацитети ја направија Македонија полуколонија, што мораше да го распродава јавното, да бара заеми и „структурно да се приспособи“ како што бараа Светската банка и ММФ, преку либерализација на трговијата, намалување на јавното трошење и политика на привлекување на странски инвестиции

преку нудење на примамливи услови, што во основата значеа ослободување од даноци и кастрење на „цената на трудот“, работничките права и основните заштитни механизми. Притоа, инвеститорите, владите и сите оние што имаа некакви производни капацитети, со умисла се насочија кон индустриите, каде што најголемиот број вработени се жени, а во некои гранки се презеде и премин кон предоминантно женско вработување: газдите сметаат дека поради општествените околности, работничките во неразвиените региони се попослушни, полесно се експлоатираат и се манипулираат (преку нивните семејства) и никогаш нема да развијат силна работничка организација што ќе штрајкува. Токму поради претпоставената слабост, насекаде низ светот, па и во Македонија, женскиот труд е најголемата жртва на неолибералната глобализација.

Профитерскиот фундаментализам не застанува на макронивото, туку продира длабоко во меѓучовечките односи и во индивидуалната самоперцепција. Поредокот преку своите механизми на кооптација го насочува дури и најситното индивидуално дејствување кон личен профит, што, пак, е виден како посебен од јавниот, а понекогаш дури и спротивен на него (јас можам да ќарам, само ако изгубите вие). Кога интересот е во прашање, последиците не се важни (јас да добијам, а ти ако треба гори и во пеколот). Како провизорен антипод на женската угнетеност, тогаш се зема женскиот кариеризам и приказните за успешните жени, што служат единствено за дистракција од вистинските проблеми. Но, успешна жена не значи и успешна борба за жените – сосем нормално е денес успешните жени да помагаат во одржувањето на системот на експлоатација и ограбување и се соучеснички, а понекогаш и „мозокот“ зад злото – сетете се само на успешната жена Гордана Јанкулоска и нејзините „достигнувања!“

Впрочем, една од „мечкините услуги“ на профитерскиот фундаментализам е што создаде огромна класна раслоеност помеѓу жените низ светот. Неспоредлива е ситуацијата и предикаментот на жената-милионерка од Менхетн, со онаа невработена жена од мало гратче во Македонија и со онаа од азиските експлоататорски фабрики. Сè почесто, жената експлоатира жена, а можноста за емпатија, солидарност и, конечно, градење на широко женско движење е значително намалена.

„ПОСТСОЦИЈАЛИСТИЧКАТА ЛАБОРАТОРИЈА“ ВО ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА И НОВИТЕ МАКЕДОНСКИ ПРИКАЗНИ

Но, назад кон Македонија, земјата каде што во име на напредокот се презедоа мерки на разнебитување, пред сè на јавното и на она што треба да биде заедничко – од јавниот простор, до јавните добра, институциите, ресурсите, природните богатства, до буквално секоја педа земја. Колку тој неолибарализам и профитерски фундаментализам е деструктивен може да се види и во новата глобална политичка констелација. Експериментот што се одвиваше во „постсоцијалистичката лабораторија“ во источна, централна и југоисточна Европа секако дека беше производ на глобалната тенденција на неолиберализација, што со текот на времето постепено, а со особена брзина по финансиската криза од 2008 година стана главна политика на решавање на проблемите во многу поразвиените делови од Европа и од светот. Милионите бесперспективни западњаци кои протестираат против мерките на штедење всушност се борат со злото што ни се случи нам во деведесеттите, што и тогаш, а и сега, се наметнува како нужност без алтернатива.

Парадоксално, колку што Македонија е „приказна за новиот колонијализам“, таа во исто време е и „приказна од иднината“ за Западот – тоа што ни се случува нам 25 години, допрва ќе се случува кај нив – осиромашување, разнебитување и пораст на нов фашизам. Притоа, ова диспропорционално ги засега жените, кои се двојно поранливи од мажите при „мерки за штедење“, затоа што тоа директно ги зголемува нивните животни трошоци за мајчинство и санитарии – а притоа повторно во економијата први на удар се професии каде што мнозинството вработени се жени (особено оние во нематеријалниот труд, на пример грижата). Неолиберализацијата со себе носи и очај, растројства и нарушено ментално здравје – и на жените и на мажите, уништува домови и поттикнува семејно насилство. Во општеството, цутат тоталитарни и неопатријархални тенденции.

ШТО МОЖЕМЕ ДА НАУЧИМЕ ОД ПРОФИТЕРСКИОТ ПОЛИТИЧКИ ФУНДАМЕНТАЛИЗАМ

Моделот што се развива во Македонија, на перверзен начин ги комбинира профитерскиот фундаментализам и парохијалниот

традиционализам во токсична идеологија, што како цел има да оправда одредена форма на моќ – богатење. Јавните добра се приватизираат и се делат на инвеститори, а со текот на времето, дури и приватната сопственост на нелојалните се „прераспределува“ кон политички подобните. Притоа, како што посочува Иван Селењи, позицијата на оној што го менаџира овој процес на прераспределување мора да се легитимира и да има своја морална котва, што сосема адекватно е традиционалистичкиот дискурс и идејата за „традиционалното семејство“ – во традиционалното патријархално семејство, главата е мажот, а во големото (прокси) семејство – нацијата, главата е лидерот/пастирот. Тој има полно право да го прераспределува семејното, односно националното имање, а процесот веќе има своја внатрешна логика (најстариот син добива најмногу, помалиот помалку, а ќерките – ништо, нив ќе ги мажиме!). Фактот што лидери како Путин, Орбан, Ердоган, Груевски, Вучиќ, но и целата европска нова десница и новата фанатична тенденција во американската републиканска партија го вратија на голема врата мачизмот и традиционализмот не е случаен, ниту, пак, се базира само на неговиот популистички потенцијал – тој дискурс оди рака под рака со новите мутации на неолиберализмот и профитерскиот фундаментализам и ги оправдува нивните начини на експлоатација и богатење врз грбот на мнозинството.

Впрочем, како сила што го обликува светот, профитерскиот фундаментализам е идеологија на концентрацијата на моќ. Во прв ред, тоа е финансиската и секаква друга моќ на еден грст бели мажи кои поседуваат половина од светското богатство, кои ги зафаќаат позициите на најбогати луѓе во светот, чиешто богатење расте паралелно со порастот на осиромашувањето на остатокот од глобалната популација. Меѓутоа, спротивно на максимата дека порастот на големите корпорации ќе ги уништи државите, неолиберализацијата значи и поголема политичка моќ за оние што ќе знаат како да ја играат играта (како Груевски и неговите ментори и другари). Токму најревносниот неолиберализам ги зголеми и ги зацврсти репресивните капацитети на државите и на безбедносните структури. Денес, владите сè помалку се грижат за човечкиот дигнитет, основните права и заштитата на граѓаните (јавните услуги се приватизирани, а слабите, сиромашните и болните оставени да умрат); но затоа во најголем подем се оружено-технолошкиот ком-

плекс, разузнавањето и шпионирањето, градењето огради и sидови на границите и воопшто сите оние аспекти на државата што се однесуваат на репресија и насилство. Неолиберална Македонија нема пари за болници, но затоа има пари за најсофистицирана опрема за прислушкување! Следејќи ги своите „европски ментори“ Македонија гради sидови на своите граници, фрла солзавец и ги тепа луѓето кои избегале од војна, од нив значителен дел жени кои избегале од секојдневно насилство и репресија, но и вонредната закана дека ќе бидат заробени и користени како сексуални робје од страна на исламистичките војски, а некои од нив се и мајки со мали деца или труднички, кои се пораѓаат во калта на „ничијата земја“ меѓу Македонија и Грција.

На политичко ниво, профитерскиот фундаментализам е идеологијата што ги обединува мнозинството политички партии ширум целиот политички спектар, големите газди (понекогаш нема разлика меѓу политичките елити и бизнис-елитите), најголемиот број медиуми, без разлика на нивната партиска тенденција, тоа е идеологијата што обединува и голем дел од формалното и неформалното граѓанско општество. Тоа е случајот и во Македонија, каде што владее политичкиот картел на четворицата големи лидери-милионери, бизнис-олигарсите, странските дипломати, инвеститори и донатори. Сите тие зборуваат ист јазик и делат блиска логика и меѓусебно се потхрануваат. Оние што слепо ги следат и им веруваат, тие се соучесници кои несвесно го плетат јажето со кое и самите ќе бидат обесени.

Профитерскиот фундаментализам не сервира готови модели, решенија и агенди, туку единствено исцртува принципи и генерални насоки и токму тоа го прави доволно широк и доволно пластичен за да биде ставен во функција на каков било наратив – владин, антивладин, прогресивен, конзервативен итн. Водечкиот идеал е создавање услови за сопствено профитерство. Па така, како што одминува времето, политичкиот мејнстрим-дискурс во Македонија сè повеќе се креира од перспектива на опседнатост со сопствената неможност за профит. Не се зборува за општествените проблеми и за нивната меѓуповрзаност, за корените на „кризите“ што ги преживуваме и за долгорочните перспективи. Единствено е важно решавањето на сопствената ситуација на краток рок. Во тој систем

на аморален профитерски фундаментализам, сосема прифатливо е да се кршат правилата, да се дејствува насилно и да се биде свер: прифатливо е да се даде поддршка и да се прави пакт со тие што играат валкано ако од тоа се има лична корист; исто така, прифатливо е да не се преземе акција, доколку од тоа се нема лична корист. Идентификацијата и „агентноста“ на актерите произлегува од практиката на себевиктимизација – при што идејата за решавање на проблемите е вперување прст во една есенцијализирана група тирани, без да се прашаме зошто токму тие станале тирани и што им овозможило да го направат тоа што го направиле. На крајот, завршуваме во ситуација на крвна одмазда, на политика на „око за око, за заб за заб“ и војна на секоја против секого.

ЗА ПОИНАКВАТА БОРБА

Во таква констелација, се присетуваме на една поинаква борба и на една поинаква логика, на еден вистински контрахегемонски проект, што всушност е рецепт за борбата што ни треба нам сега и овде, а тоа е борбата на револуционерките во меѓувоениот период на дваесеттиот век. Испитувајќи ја историјата на оваа борба и особено придонесот на Антифашистичкиот фронт на жените, не може а да не се забележи колку е таа борба интерсекционална, интернационално-идеолошка и организирана. Нашето АФЖ е пандан на борбата на црните феминистки од САД и современиот постколонијален феминизам. Таа борба е интерсекционална, затоа што родовиот аспект борките го гледаат како нераскинлив од нивната класна свест и длабоко поврзан и со верско/етничките контексти; тие за нивната борба ќе кажат дека е сеопфатна, „а учеството на жената во револуцијата е огромен придонес во хуманизацијата на човековите односи во таа борба“; интернационално-идеолошка, затоа што нивната борба беше дел од светската револуција; и организирана, затоа што таа борба се остваруваше преку силни општествено-вкоренети организациски структури и грасрутс-мрежи, што не само што пропагираа туку и регрутираа и создаваа кадри.

Вака времената борба денес мора да биде еден од столбовите на нашата борба против тиранијата на новото време. Прво, интерсекционалноста мора да ги победи индивидуалистичките и ексклу-

зивистичките матрици. Она што го гледаме само како економска неправда, всушност има и значајни неекономски аспекти – економското и „неекономското“ не можат да се таргетираат посебно, ниту по одредена приоретизација. Како што вели Ненси Фрејзер, „неекономските“ проблеми, како што се насилството и сексуалното насилство, репродуктивната опресија и стигматизирањето на личната слобода, одат рака под рака со економската неправда и единствено можеме да ги победиме ако нашата борба ги таргетира и двете заедно. Второ, интернационалноста и идеологијата мораат да ја победат тенденцијата да ги гледаме нашите проблеми само во тесна национална рамка и да ги сведуваме само на борба со одредени структури на моќ. Состојбите во Македонија денес се во голема мера производ на една несреќна регионална динамика и процесот на неолиберална глобализација. Овие сили имаат свои агенти, но никако не смееме да ги персонализираме. АФЖ не се бореше против луѓе со име и презиме или одредена партија, туку против фашизмот како идеја и практикаа насекаде. Фашизмот на нашето време има поинакви форми и облици, а неговото препознавање е контраинтуитивен потфат. Трето, нашата борба, наместо секоја сама или во некоја лабава поврзаност, може единствено да успее само ако сериозно се организираме и изградиме нов АФЖ. Сериозната организација бара „заборавање“ на научената флексибилност и удобност на модерниот животен стил и враќање на некои карактеристики на периодот што го изучуваме, а кои денес не се на цена – саможртвата, фанатичноста, чувственоста на борбата, прифаќањето на болката и страдањето и имањето на бескомпромисна верба во идеалите, па дури и спремноста да се гине за нив (наспроти сомнежот во сè) и да се гине за своите соборки и сестри.

Конечно, да не заборавиме да ги споменеме борките на нашето време. Впрочем, значајниот женски елемент на нашата „револуција“ – пресликан не само во бројната застапеност на жените туку и во нивниот глас, но и целокупниот родово освестен дискурс што се промовира, е нешто на што можеме да бидеме горди. Како што денес ги одбележуваме жените на револуцијата од првата половина на дваесеттиот век, некои идни генерации ќе ги одбележуваат жените кои се моторот на револуцијата што се случува последниве години во Македонија. Пишувајќи го овој текст, одбивам да ги набројувам по име, затоа што прво, невозможно е да ги набројам

сите без да испуштам некои важни дејки; а второ, затоа што револуцијата, колку што им припаѓа на знајните, толку им припаѓа и на оние незнајните. Сепак, хероините на денешното време се борките кои се душата на протесното движење што го растресе и ќе го донесе крајот на старата и ќе ја гради новата Македонија, борките не попуштаат под ниту еден притисок; оние што храбро стоеја наспроти вооружените полициски кордони во најкритичните моменти; оние што го предводеа движењето на солидарност со бегалците и движењето за отворање на границите; студентките, синдикалките, новинарките и сите оние борбени женски гласови во јавната сфера; културните работнички и жените кои пишуваат, освестуваат и со своите текстови даваат рамка за нашата борба, меѓу кои впрочем се и авторките на овој проект.

Конечно, не смееме да заборавиме дека борбата за правда – вклучително (и особено) родовата правда, не е само на жените туку и на целото општество. Целото општество си должи на себе освестување, еманципација и борба против родовата неправда, а сите ние имаме должност внимателно да ги изучуваме и да ги научиме лекциите од револуционерната борба од првата половина на дваесеттиот век и да ги примениме во нашата борба, сега и овде и кога било и насекаде. Патот ќе биде долг и тежок, но ако можеме нешто да научиме од нашите претходнички, тоа е дека подобар свет е можен.

Ќе победиме!

Загорка Шварц Миланова
Захарија Василева - Шумљанска
Злата Богеска
Зора Крстевска
Зора Петреска Николова
Зорка Стојановска
Звезда Стојанова
Иванка Трајкоска – Силјанова
Илина Петреска Стојаноска
Илинка Беличанец Ангелова
Илинка Ташкова
Илка - Божана Василеска Богева
Илка Б. Присаќанка ,,божана,,
Илка Беличанец
Илка Василеска Богоева (Присаќанка)
Илка Везироска Богданова
Илка Дупјачанска
Илка Присаќанка
Илка Саравска Христова
Илка Тодороска Костоска
Јана Наумова
Јасна Златаноска/Сина Тасеска
Јованица Џивџаноска
Јованова Лилјана
Јорданка - Гаца Златеска Бошкова
Јорданка Златеска
Јулка Бешироска Благоева
Кала Битовска
Калина Манџикоска
Калина Попадиновска
Калипсо Налча
Каља Томова
Кардула
Ката Ацева
Ката Додева
Ката Павлова – Бошевска
Катарина Пуплева
Катарина Хололчева
Кица Маркоска Миланова
Константина Боздов
Костадинка Миланова

ТА

А

Александар Литовски

КРАТКА БЕСЕДА ЗА ЖЕНИТЕ, ЕМАНЦИПАЦИЈАТА, БИТОЛА...

Светот има многу лица! Жените се едно од лицата на светот! И тоа, најчесто, едно од убавите, ведри и вредни лица! Меѓутоа, да се зборува за вредноста на жените како личности кои го влечат општеството напред, во време на доминантната и беспоговорно прифатена глобалистичко-империјалистичка идеологија, што, пак, економски и медиумски произведува атмосфера во која се гради култ кон женското тело и телесното задоволство е навистина тешко, комплицирано, чудно... Имено, човештвото, преку жестоката пропагандна пресија од неолиберализмот, е втурнато во состојба на константен занес од потрошувачкото општество, а таму сè, ама буквално сè, е на продажба и сè може и треба да се отфрли, замени, промени! На продажба се и најблагородните човечки чувства: љубовта, благодушието, човекољубието, пријателството... Едноставно, чувствата не треба долго непроменето да опстојуваат, оти сè мора да биде брзо променливо за што поуспешно да се вклопи во потрошувачкото општество... Натаму, сеопштата меркантилност доведува до обезвреднување на која било еманципаторска и хуманистичка активност и фаворизира нееднаквост и дискриминација на сите страни.

Од досегашните научно-теоретски сознанија и општествената практика познато е дека борбата за надминување на родовата нееднаквост и дискриминација се водела во две насоки: борба за еманципација и борба за целосно ослободување и рамноправност. Борбата за еманципација се базирала врз константно подобрување на позицијата на жената во рамките на дадениот општествено-економски систем, додека борбата за целосно ослободување и рамноправност значела борба за целосно уривање на општествено-економскиот систем, односно трансформирање на економско-социјалната рамка. Оваа борба за отфрлање на капиталистичкиот систем во кого дискриминацијата е инхерентно вградена состојба, веројатно со право, била сметана за „единствен начин“ за целосната еманципација на жените, затоа што само така би се овозможило целосно и рамноправно вклучување во сите сфери од општественото и економското функционирање на светот.

Во секој случај, жените, нивните подвизи и страдања, нивниот ум и сила, нивната работа и убавина, се апсолутен императив во секој сериозен разговор за историјата, сегашноста и иднината на човештвото! Секако, тој императив е неодбеглив елемент и во нашата вечна борба за македонска национална афирмација и во нашето константно извишување кон умноста и разумноста!

Потпрени врз ваквите теоретски постулати, ако се загледаме во минатото на Битола и Битолско, ќе успееме да видиме дека постоеле жени кои активно биле вклучени и во борбата за еманципација и во борбата за целосно ослободување и рамноправност! Но, за жал, за многу значајни жени од сопственото минато Битола нема спомени. Впрочем, како и цела Македонија! Кај нас сè функционира врз основа на финансискиот интерес, политичката волја и малограѓанските предрасуди на медиократи, па така е и со сеќавањата и историјата. Заради дневнополитички причини се гради спомен за личности кои биле носители на организации со исто име како актуелните политички организации или се гради спомен за личности кои биле приврзаници на идеологии што соодветствуваат со денешниве идеолошки поделби и оттаму можат „да помогнат“ во сегашните политички борби. Впрочем, една од нашите најголеми трагедии е што кај нас интелигенцијата и талентот заради партиски и идеолошки причини не се дар, туку проклетство. Тоа е толку јасно! И толку жално!

Сепак, и во град како Битола, и во таква конзервативна и медиократетска средина каде што да си жена која е убава, вредна и паметна е проклетство, а не предност, каде што женската креативност е само предиспозиција за сексистичко малограѓанско озборување, сепак, постоеле жени кои успеале да се оттргнат од заводливото живуркање на дното од мочуриштето, и се издигнале до пиедесталот на заслужните и славните! Секако, расчистувањето на патот до таквиот успех од нив барал многу напор и жртви! Најмалку двојно повеќе отколку што тоа е неопходно за мажите. Борбата на овие жени со средината во која гангрената на алчноста и завидливоста ги разјадувала и ги уништувала човечките души, била тешка, сурова и болна! Таа нивна борба за правда и правичност, за слобода и еднаквост, борба што во крајна линија била и борба за женската еманципација, била исклучително комплицирана, оти морале да се борат не само со отворените и општи непријатели, туку и против секогаш невидливите, ама и секогаш присутните злобни предрасуди! Фактички, тие жени со својот пример се спротивставиле на оној малограѓански квазиморал, на оној застарен, застоен, стеснет, зачмаен, засмрден ситнобуржоаски морал преполн со непотребни забрани и осуди! Конзервативен морал што бил и е „чувар“ на родовата (но, и на класната, етничката, социјалната...) поделеност и нерамноправност!

Но, да не бидеме премногу патетични со истакнувањето на тешкотиите, оти, сепак, секој напредок низ историјата, секое кршење и уништување на веќе создадената, постојната, вообичаената конзервативна атмосфера на живеење, водел по патишта поплочени со трња, до секој прогрес се стигнувало преку искушенија, пречки, страдања и самооткажувања! Но, добро е да се нагласи и да се памети дека „жените-борци“ во замена за животот исполнет со предизвици, инвентивна осаменост и храбри дуели за подобар живот на сите други, се стекнале со „карактери“ на своите личности кои биле поцврсти и почовечни отколку огромното мнозинство луѓе во нивната средина и од нивното време. А, тоа е квалитет кон кој се стремат сите вистински луѓе и кој ги оправдува сите жртви, нели?

Но, овој мој пеколен град без паметење нема мноштво забележани и видливи траги за безбројните заслужни и храбри жени кои потекнале од неговите пазуви или кои живееле, твореле и се бореле во него... Имено, битолската јавност има малку поголема свест за постоењето на некои актуелни познати имиња од културната сцена или естрадата, но сосема малку е запознаена и е свесна за делата на современите истакнати интелектуални и научни творци од Битола, на пример: Лидија Стојанова Шоптрајанова, Анета Светиева, Вера Стојчевска Антиќ, Милица Шперовиќ Рибарска, Јасминка Чакар... Но, уште полошо е што видлива трага не забележал овој мој град без паметење за безбројни жени-херои, жени-професионалци, жени-добродетели... Така, на пример, не само што се ретки оние што нешто знаат, туку и тоа знаење е површно и попатно, на пример за: Рајна Алексова, првата жена-фармацевт во Македонија која работела во аптеката на Широк Сокак; Ленче Стојанова Арсова, која била една од најистакнатите организатори на антифашистичката борба во Македонија и политички раководител; Ката Додова, организатор на антифашистичката борба и успешен директор на печатницата „Киро Дандаро“ во Битола; за Марија Бошкова-Мери, една од најистакнатите македонски актерки; Жамила Коломонос, учесничка во антифашистичка борба, универзитетски професор, општественик и политичар, писател и публицист; д-р Марија Делиџакова Штрала, лекарката, која била пионер во Македонија во откривањето на цистична фиброза кај децата; Блага Видец и Зина Креља, кои се вбројуваат меѓу најдобрите оперски пејачки не само во Македонија, туку и на некогашните југословен-

ски простори; Фанула Папазоглу, една од најголемите познавачи на античката историја, вброена меѓу најважните историографи на балканските простори; Катерина Хололчева, која ја создала и ја раководела Женската потребителна задруга што имала значајно место во организирањето на антифашистичката и национално-ослободителна борба во Битола; Анастасија Балтова, која била активен член на Македонската револуционерна организација во Серскиот округ...

Се знае, би рекол попатно, за Фотинка Петрова, Василка Стефанова, Аспасија Димева Јакимова и Анета Спирова Олчева, кои биле четирите битолски учителки кои на таванот на тогашното училиште „Св. Кирил и Методиј“ го везеле востаничкото знаме на Главниот штаб на Битолскиот револуционерен округ и некои други знамиња на востаничките околии. Се знае површно и за Сребра Димова Домазетова и Донка Ставрева Ушлинова од село Лера, Битолско, кои во август 1902 година го убиле локалниот турски насилник и се илегализирале како комити во четата на Ѓорѓи Сугарев. Во последниве години се дозна нешто повеќе за добротворката Захарија Василева Шумлјанска, која по Илинденското востание го раководела битолското дечко сиропиталиште. Се знае нешто повеќе за народните херои Елпида Караманди, Естреја Овадија-Мара и Фана Кочовска Цветковиќ. Трите биле истакнати припадници на македонското националноослободително и комунистичко движење, а првите две загинале во борба со бугарски окупаторски војници.

Но, тоа е речиси сè од знаењето и помнењето за битолските жени низ историјата! А, тоа е премалку! Не, за жал, нема во градот самозакитен со епитетот „град на конзулите“, ниту свест за вистинските вредности, ниту осет за убавото... Таму имало и има вишок мек мозок и недобројни тврди срца! Во него секогаш доминантно место имала само малограѓанската завидливост што ја задушувала креативноста и ги протерувала во егзил творците. Едноставно, во него секогаш имало премногу патолошко властољубие, морална и душевна скопеност, бујна алчност, омраза и завист кон успешните и трескавичен и неразбирлив колеж на сеќавањето за сопствените доблесни, храбри, вредни и принципиелни сограѓани.

Сите овие имиња, презимиња и примери на битолчанки од минато кои ги приложив, можат да се искористат за повеќе намени: од

јакнење на патриотизмот до sидање на свеста за родова рамноправност, но според мене добро е ако послужат за поттик да се согледа и да се сфати потребата од пишување на една поинаква историографија од досегашната, односно таква наука за минатото што ќе го „открие“ и ќе го афирмира „учеството“ и „заслугите“ на маргинализираните и обесправените! Тоа се оние грамшиевски субалтерни неелитни социјални и родови групи, кои во неолибералните демократии немаат пристап до економските и социјалните ресурси. Сосема извесно е дека во рамките на таква субалтерна, правична и праведна историографија, ќе биде опфатено и, сè уште, недоволно истраженото учество и заслугите на жените од Битола, но и од цела Македонија!

Какво ќе биде местото и улогата на жената во светот зависи од определените општествено-економски и идеолошки рамки на организација на животот! Ако имате светоглед составен од негативна ментална и интелектуална претстава и визија за жените, тогаш во најдобар случај ќе имате државен систем што иманентно произведува родова нееднаквост! Во такво општество стереотипите за жената како домаќинка, мануелна работничка, или проститутка и ништо повеќе, ќе бидат доминантни. А, се знае дека стереотипите се манипулации што се востановуваат и се обновуваат со помош на стратешки осмислени медиумски, образовни и културни политики и дека функционираат врз основа на симплификација и деформирана генерализација на предметот на кој се однесуваат. Ако, пак, имате позитивна претстава за жената ќе градите општество во кое жените и мажите имаат еднакви права и можности! И, фактички, само преку еднакви права и можности можете да изградите едно, не само просперитетно општество, општество на благосостојба, туку и една праведно и хумано општество!

На крајот на оваа кратка беседа да кажам: сосема е сигурно дека треба да ги уважуваме и да ги почитуваме жените во чијшто живот се посведочени чесни, добри и величествени нешта што ги правеле, жените кои им мислеле и им мислат добро на другите луѓе, жените кои имале, или денес имаат некои заслуги за изградување на подобра средина таму каде што живееле или живеат!

Костадинка Ситновска
Костадинка Сурлеска Лапеска
Коца Бешироска
Коца Дембова
Коца Котеска Ристеска
Купена Маркоска Трајкоска
Лена Димитровска/Димитриевска
Лена Стојчева
Лена Ташкова
Ленче Јованова
Ленче Секулоска - Дрезга Секула
Ленче Т. Миса
Ленче Темемелеска
Лефка Георгиева
Лефтерија Јосифоска
Леца Забрчанец Мирческа
Лилјана Силјаноска Арсова
Лилјана Чаловска
Љиљана Чаловска
Љуба Зисова Ташкова
Љуба Кандилова
Љуба Спиркоска Андреева
Љуба Спиркоска Јандре
Љуба Тркалеска Богева
Љуба Чаталова
Љубе Попеска
Љубинка Томова Ташкова
Љубица Богеска Стевова
Љубица Војдановска (Шуплиноска)
Љубица Илијоска Јорданоска
Љубица Јосифова
Љубица Михајлоска Шареска
Љубица Настева Никола
Љубица Настеска Козароска
Љубица Темистокл – Данаилова/Љуба Данаилова
Љубица Чучуроска Аџимитреска
Магда Гештевска
Мара Андреевска
Мара Димоска Михајлова
Мара Јосифоска Цветкова

Рубин Белчески

ЖЕНАТА ВО ПРИЛЕПСКИОТ КРАЈ ВО ПРВАТА ПОЛОВИНА НА 20 ВЕК

За жената постојат голем број изреки, напишани се многу песни, романи, драми и други литературни дела. Но, колку и да е напишано малку е, жената заслужува многу повеќе. Таа е вечна тема.

Писателот Оскар Вајлд ќе рече: „Силата на жената произлегува од факт што ни психологијата не може да го објасни. Мажите можат да се анализираат, а жените... само да се обожаваат“. Нобеловецот Иво Андриќ ќе додаде: „Жената стои, како капија, на излезот и на влезот во овој свет“. Но, можеби академикот Гане Тодороски во својата поезија, за жената, дава најинтересни и најпрецизни карактеристики кога вели дека: „Жената е... Прва љубов разнеЖЕНА, златна лира обжеЖЕНА, ѕвезда в дланки доблиЖЕНА, младост в жили раздвиЖЕНА, мајка кутра загриЖЕНА“, тој уште додава и вели дека жената е: гиздавица, жегавица, лизгавица, секавица, валавица, палавица и лавица.

Овие „зборови“ за жената, на тројцата великани на литературата, сметам дека одговараат за темата за која ја обработуваме и ги зедов за појдовни, особено што тие, живееле, твореле или имале допир со периодот што е предмет на наш интерес, а се однесува на улогата на жената.

Жената отсекогаш имала значајна улога во општеството. Иако мажот во минатото бил „главен“ во семејството, често се вели дека жената е столбот на семејството и со право, бидејќи често знаела и умеела да ги хармонизира и да ги синхронизира односите, а сето тоа благодарение на својата активност, доследност, достоинственост, искреност, непоколебливост, непомирливост, пожртвуваност, решителност, трудољубивост и многу други позитивни особини што ги поседува.

За улогата на жената во општеството кај нас не постојат посебни историографски публикации напишани врз основа на истражувања, со исклучок на периодот на НОБ за кој постои одредена литература што повеќе се базира на сеќавања на учесничките во народноослободителното движење. Што се однесува, пак, за претходниот период, за улогата на жената во општеството, треба да се извлекуваат податоци и заклучоци од постојната литература што се однесува на положбата и активностите на припадниците на македонскиот народ и другите народи кои живееле на овие простори.

Периодот во кој се осврнуваме на улогата на жената, нејзината позиција, организирањето и дејствувањето е исполнет со борби, неизвесности, асимилација, национализација и економска експлоатација на македонскиот народ, кој бил покоруван од разните освојувачи. Тоа е периодот на разни настани за време на турското владеење, меѓу кои: Илинденското востание, Младотурската револуција, тоа е време на Балканските војни, Првата светска војна, периодот меѓу двете светски војни, Втората светска војна и НОБ и периодот, непосредно по ослободувањето, периодот на социјалистичка изградба. Тоа е период од 50-тина години, кога македонскиот народ живее исклучително тежок живот, вклучително и жената.

Прилеп во овој период претставувал важен економски, политички и културен центар во пелагониската котлина и пошироко, кој давал активен придонес во политичката и културната историја на македонскиот народ.

Кон крајот на 19 и почетокот на 20 век Прилеп со околината имал околу 55.000 жители од кои само Прилеп имал околу 25.000. Од нив околу 17.000 Македонци, 6.200 Турци, 600 Власи околу 1.000 Роми и други. Немаме податоци колку од овие бројки припаѓаат на женскиот пол.

Жената, со своите активности, се истакнувала во секојдневниот живот како добра домаќинка, која готвела, чистела, перела, работела на нива, во градината, како и со стоката. Таа знаела да шие, да везе, да плете, да преде, да ткае, аматерски или професионално. Изработувала алишта, т.н. носии, за која требало големо знаење и трпение. Карактеристично е дека прилепската женска невестинска носија била составена од повеќе делови, а достигнувала тежина и до 40 килограми. Значи, покрај маката што ја „носела“ од тешкиот живот, жената ја носела и тежината од носијата.

Во Прилеп и Прилепско, тутунопроизводството имало посебно стопанско и социјално значење. Со текот на годините производството се зголемувало, а со тоа се зголемувала и експлоатацијата на жената која работела, како во домот, така и во монополот. Таа била „главна“ и при одгледување на градинарски култури како: анасон, афион, бостан, грав, зелка, домати, компири и друго.

Напоредно со производството на разни земјоделски производи, прилепчанката се одликувала како виртуоз за готвење, која, покрај

кашестите посни јадења со киселец, штаве, лобода, коприва, подготвувала и бакрданик, а месела: леб, зелник, мазник, колпиш-миде, питулици, сучела кора и друго. Од јадењата со месо подготвувала: мусака, тас-ќебап, турлитава, шиш-ќебап. Жената, особено од прилепските села и Мариово, од млекото знаела да прави бело и биено сирење, изварка, матеница и други млечни производи.

Жената ги почитувала и ги применувала разновидните народни обичаи поврзани со животот, раѓањето, мажењето, женењето, умирањето и други мигови од животот, како и обичаи поврзани со верски празници, односите во семејството, селото, еснафот и други.

Во почетокот на 20 век, влијанието од Запад било сè поприсутно. Слободата на движење на жената е позабележителна. Сè повеќе се „слушал“ гласот на љубовта и правото на избор на животниот сопатник. Сепак, постоела професија како стројник – стројничица која посредувала помеѓу семејствата, односно младоженците. Познати стројничици во Прилеп од овој период биле: Ташка Анасташка, Петра Машкапетра, Софка Прилепчанка и други.

Жената, покрај домаќинка, без образование, но со многу други квалитети, неретко, како интелектуален генератор, ја сретнуваме во повеќе области на општественото живеење која неодоливо привлекува други индивидуи. Тој интелектуален развиток бил скромен поради неповолните материјални и општествено-политички услови, но има и такви личности со кои можеме да се пофалиме и да се гордееме без разлика дали биле од Прилеп или дејствувале во Прилеп и Прилепско.

Низ долгите мачни борби за национална слобода и афирмација, македонскиот народ често бил покоруван, но никогаш победуван. Во таа борба за опстанок и одбрана на својата родна грутка, народот од Прилеп и Прилепско, а со тоа прилепчанката, поднесувале големи жртви. Задоени со идејата за слободен живот, прилепчани мошне рано го манифестирале незадоволството против отоманскиот освојувач и меѓу првите се кренале против османлиското ропство. Со појавата на македонската револуционерна организација во Прилепско, борбата уште повеќе се засилува и добива поорганизиран карактер. Во големата Илинденска епопеја, прилепскиот крај, претставува значаен револуционерен центар од кој

потекнуваат истакнатите револуционери како: Ѓорче Петров, Пере Тошев, браќата Ацеви и други. Покрај нив, и жената-револуционер се истакнувала во најразлични активности. Меѓу оние што биле вклучени во револуционерната организација и помагале на движењето биле: Параскева Лозанчева, директорка на Прилепското женско училиште, ќерка на прилепскиот чорбаџија Коста Биолчев, а подоцна жена на револуционерот од Битола, Анастас Лозанчев, потоа, Цветанка Сенокозлиева, која поради револуционерни активности била затворена, Фота Роканова и други, кои директно или индиректно биле вклучени во револуционерната организација или на најразличен начин го помагале револуционерното движење.

Прилепското подрачје силно ги почувствувало стравотиите на Балканските војни, како и Првата светска војна и трагедијата што го снајде македонскиот народ по завршувањето на војните – делба на неговата етничка целост од неговите соседи кои спроведувале политика на национална обесправеност и економска експлоатација. Но, и во такви услови жената си ја играла својата значајна улога во семејството и општеството како мајка, сестра, свекрва или баба, која, покрај домашните активности, ја сретнуваме како учителка, здравствен работник, припадник на некој еснаф или професионалец со некоја друга професија.

Образованието во Прилеп има своја традиција. За тоа зборува фактот што во Прилеп уште во 1865 година во куќата на дедото на револуционерот Пере Тошев било отворено првото женско училиште во кое работела првата учителка баба Недела Петкова Караиванова. Во него биле запишани 180 прилепчанки, бројка достојна за почит за тоа време. Во учебната 1904/5 година, во рамките на ова училиште бил отворен т.н. ракотворен курс, односно стопанско училиште. Поради првата Балканска војна тоа било затворено.

Карактеристична година во однос на застапеноста на жената како ученичка и учителка е учебната 1911/12 година. Имено, во прилепските училишта бројот на ученици изнесувал 2.172, од кои 1.183 ученици и 989 ученички, а наставата ја изведувале 18 учители и 22 учителки.

По завршувањето на Првата светска војна во учебната 1919/20 година е отворено Женското занаетчиско училиште, што работи

сѐ до 1941 година. Него го основа и работи под патронатство на режимската женска организација „Коло српских сестара“. Во училиштето се учело: кроење, шиење, килимарство и други занаети. Карактеристично е што во новата зграда на ова училиште, што почнала да се гради во 1939 година, по ослободувањето во 1944 година, тука бил сместен првиот Народноослободителен одбор на Прилеп. Денес, во истата зграда е сместена НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Прилеп.

Во Прилеп од 1923 година работи Учителска школа, која подготвувала кадри за училиштата низ Македонија и пошироко. Помеѓу учениците секогаш имало и ученички. Истакнати учителки од Прилеп кои придонеле за развој на образованието биле: Сава Алексиева, Захарија Грашева, Ташка Димева, Ката Зојчева, Ташка Мартинова, Захарија Мојсомирова, Фана Мрзенска, Евгенија Ракиџиева (имала завршено Солунска женска гимназија), Фанија Танева, Нона Хаџиспирова и други.

Музичкиот живот во Прилеп има своја традиција, особено што жената имала голем придонес во неговиот развој. Од пораниот период, во ова пригода потребно е да се спомене еманципирана-та Дафа Цепенкова, тетка на Марко Цепенков (сестра на татко му Коста). Наум Тахов-Унче (1867-1913) во својот „Зборник на народни песни“ дава информација дека од Дафа запишал 160 песни. Таа била пејачка со весел карактер, која, покрај во Прилеп, живеела и во Крушево, каде што доживеела длабока старост од 103 години.

Учителката Олга Николоска (родена Миливојевиќ) била голем вљубеник во книжевноста на францускиот писател, новинар, хуманист и голем пријател на Македонија, Анри Барбис, имала голем придонес за професионалната ориентација на својот сопруг Васил Николоски, композитор и диригент на мешаниот хор „Билјана“ во Прилеп, формиран во 1929 година. Под влијание на родителите Олга и Васил, музичкиот живот го развивал и нивниот син, композиторот Властимир Николоски. Во овој период, мешан хор постоел и во рамките на Учителската школа и Гимназијата. Тие имале свои настапи и надвор од Прилеп. Во 1930 година е формирано и музичко-пејачко друштво „Монопол“ од работници и работнички вработени во Монополот.

Здравствените прилики во Прилеп во овој период не се разликувале во многу од оние во другите краеви во Македонија. Во овој период имаме појава на маларија, тифус, туберкулоза, дифтерија, дизентерија, скарлатината (шарлах) и други болести. Од истражувањата не сретнав имиња на жени-лекари, но секако дека во болниците и во здравствените установи како здравствен персонал, медицински сестри, бабици, болничарки и друго ги имало. Од забното лекарство се споменуваат имињата на: Ксенија Аќимовиќ од Врање, Вера Ацева (не народниот херој), која своето школување го завршила во Минхен, Германија, а во аптекарството се истакнуваат: Рада Дудеска (родена Крајничанец), која студирала во Загреб, потоа, Смиља Зориќ, која учела во Виена, Лујза Стојанова (родена Бомболоска) и други. Во ова пригода, да ја споменеме и Пандора Џувалекоска, која е првата школувана бабица во Прилеп, со завршена Кралска бабичка школа во 1926 години. Сите споменати и неспоменати здравствени работници го трасирале патот на хуманоста на многу генерации по нив.

Развивање на спортскиот дух во Прилеп се одвивало преку Соколското друштво формирано во 1924 година, што имало свои соколски чети во повеќе села во Прилепско. Друштвото во кое членувале младинци и младинки организирале слетови, игранки, гимнастички натпревари и други активности. Најистакнат член на ова друштво бил првиот претседател на Президиумот на АСНОМ, Методија Андонов-Ченто.

Во периодот помеѓу двете светски војни во Прилеп биле формирани разни организации, библиотеки, читални, што под влијание на КПЈ, служеле како параван за ширење на социјалистичките идеи и собиралиште на напредни младинци и младинки. Во 1933 година е формирана „Трезвената ложа“ со своја библиотека и читална. Во рамките на ова организација во 1938 година, а со цел да се издигнува женската младина, се формира „Женско младинско кола“, наспроти режимската женска организација „Коло српских сестара“, каде што се читале книги и се воделе дебати потоа.

Во 1934 година е формирано Работничко културно-уметничко друштво „Коста Абрашевиќ“ со разни секции: музичка со хор и оркестар, драмска, литературна, ликовна, постоел дебатен клуб, а се организирале и голем број предавања, дискусии, приредби,

игранки, матинеа, екскурзии и друго. Жената имала забележителна улога во сите активности. Во драмската секција активни биле: Адријана Бомболова-Улчар, Гица Попоска, Љуба Чучуроска и други.

Прилепчани и прилепчанки биле познати по својата хуманост и донаторството. Има многу примери за тоа, но во ова пригода ќе го истакнеме примерот на Анастасија Фукара, ќерката на познатиот прилепски првенец и чорбаџија Христо Фукара (Сиромав). Имено, таа оставила завет по нејзината смрт да се дадат 330 златни лири за изградба на новата училишна зграда во Прилеп. Пример достоен за почит.

Сличен е примерот и со отворањето на првата книжарница во Прилеп, „Просвета“, во 1939 година. Имено, на иницијатива на Кузман Јосифоски-Питу, секретар на МК на КПЈ за Прилеп, книжарницата ја отвораат браќата Благоја и Никола Попоски, учесници во акциите на 11 октомври 1941 година. Средствата за нејзини отворање, во висина од 10.000 динари, се од миразот на сопругата на Никола, која работи во книжарницата. Преку неа се набавувало материјал за партиската техника за печатење на пропаганден материјал, како: хартија, боја, индиго, креди и друго, а таа била снабдена и со илегална или полуилегална литература. Во рамките на пропагандната работа, книжарницата растурала и гоблени за везење, што одиграле важна улога во будењето на борбениот дух и македонската национална свест, особено кај женската младина. Гобленитe со ликовите на Гоце Делчев, Максим Горки, Христо Ботев и други ги изработувал ликовниот уметник Борко Лазески.

КПЈ во своите програмски документи се залагала и се борела за целосна политичка, економска, правна и културна рамноправност на жената. Секако, тоа е пресудно, жената масовно да се вклучи во решавање на националното и социјалното прашање на овие простори, особено што во претходниот период таа била во инфериорна положба во однос на мажот. За тоа придонело и револуционерната традиција на жената, која ја дава одредницата на историскиот континуитет.

Единаесетти октомври 1941 година, почетокот на Востанието на македонскиот народ против фашистичкиот окупатор, Прилеп го дочекува со жена-секретар на МК на КПЈ за Прилеп и организатор на востанието. Тоа е народниот херој Вера Ацева, една од седумте

хероини на Македонија, учеснички во НОВ. Таа, како во предвечерјето на Втората светска, така и во текот на НОВ, неуморно работи за слобода на Македонија, а раководи и со Месниот воен штаб во Прилеп, член на Бирото на КПЈ за Македонија, која подоцна станува и член на Президиумот на АСНОМ.

Голем број жени биле вклучени во отпорот и партизанското движење. Во првиот прилепски партизански одред „Гоце Делчев“ вклучени се жените-борци: Мара Јосифоска-Ѓурѓа, Весела Крстеска Брезоска-Луња, Даница Јорданова-Оровчанец, Павлина Пиргаоска, Ленче Секулоска-Веда и Венда Темелкоска-Ѕвезда.

Од првиот момент на почетокот на востанието, па во текот на четиригодишната борба, жената-борец, рамо до рамо со мажите, била вклучена во народноослободителното движење, како во сите форми на отпор во заднината, така и како припадник во единиците на Народноослободителната војска. Во Прилеп, од вкупно 154 носители на високото признание „Партизанска споменица 1941“, од нив 33 се жени, прилепчанки, одликувани со ова признание.

Во Паркот на револуцијата, на мермерните плочи во „Могилата на непобедените“, впишани се имињата на 20 жени-борци, прилепчанки, кои ги дале своите животи за својата татковина. Сведоштва за тоа, како и за активноста и учеството на жената ги има насекаде во нашето општествено живеење. Тие носат имиња на улици, установи, училишта, организации, друштва, а ним им се подигнати и посветени голем број споменици и спомен-обележја. Од оние што ги дадоа своите животи и се вградија себеси во темелите на Република Македонија, покрај претходно споменатите се: сестрите Вера и Нада Цириви, Панде Чесноска, Илка Присаѓанка, Пенка Котеска, Блага Ружето, Цена Џинорозот, Донче Црвенкоска и други.

Им се поклониме и им оддадеме почит на сите споменати и неспоменати жени, борци, активистки, починати или преживеани. Сите тие на свој начин се херои на слободата и победници над фашизмот, бидејќи учествувале во борбата за исполнувањето на вековниот сон на многу борбени генерации во минатото, изразено преку многу буни и востанија, за слободна и независна Република Македонија.

И по ослободувањето, жената-прилепчанка, продолжила со својата важна улога во општеството и во социјалистичката изградба на својата татковина. Таа била вклучена во новоформираните органи и организации на новата држава. Една од нив е Васка Циривири, мајката на загинатите хероини, Вера и Нада Циривири, која на Првиот конгрес на Антифашистичкиот фронт на жените на Македонија (АФЖ) одржан во Скопје на 15 декември 1944 година, избрана е за прв претседател, а мајката на Народниот херој, Кузман Јосифоски-Питу, Лефта Јосифоска за потпретседател на организација на жените во Македонија. Примерот не е единствен, ги има многу.

На крајот би сакал да се заблагодарам на организаторите на овој проект што ме вклучија во него и ми овозможија да дадам скромен придонес во неговата реализација, воедно ме поттикнаа на дополнителни истражувања, чиишто резултати ги споделувам со јавноста. Затоа, би заклучил дека жената-прилепчанка, жената воопшто, како двигател на развојот на Прилеп и Република Македонија, колку повеќе ја проучуваме и ја запознаваме, што би рекол Гане Тодоровски, таа толку повеќе, нѐ забавува, нѐ заграбува, нѐ разнежнува, нѐ блаженствува, нѐ засладува, нѐ подмладува.

Користена литература:

1. Прилеп и Прилепско низ историјата, Прилеп, 1972.

2. Прилеп и Прилепско меѓу двете светски војни 1918-1941 (Материјали од Научниот собир одржан на 1, 2 и 3 јуни 1988 година), книга III, Прилеп, 1992.

3. Жените на Македонија во НОВ 1941-1945, Зборник на документи за учество на жените од Македонија во НОВ и Револуцијата 1941-1945, Избор, редакција и коментар: Д-р Вера Весковиќ-Вангели и Марија Јовановиќ, Скопје, 1976.

4. Ружа Бак, Жената во прогресивното движење на Македонија 1910-1941, Скопје, 1960.

5. Љубен Георгиески-Љупта, Прво ослободително востание, Скопје, 2000.

Мара Карајановска
Мара Магденица
Мара Маркоска Костоица
Мара Моцан
Мара Ралеска Радиаки
Мара Ристеска
Мара Талевска
Маре Бајрамчевска Магеровска
Маре Кујунџиска Звездоска
Маре Николова
Маре Ристеска
Маре Талеска Бошкоска
Мари Виоле, сестра Виоле (Marie Violet)
Марија А. Талеска
Марија Боцевска Митрушевска
Марија Д. Темелкоска
Марија Јосифоска (Ѓруѓа)
Марија Младеноска
Марија Настоска Кироска
Марија Нешкоска
Марија Петреска Костова
Марија Стојческа Мојсова
Марија Трајкова (Тасеска)
Марица Насева
Менка Бафтирова
Менка Бешироска
Менка Бошевска
Менка Дериевска
Менка Дојчиноска (Паргова)
Менка Иванова Димова
Менка Иваноска Игеска
Менка Костадинова
Менка Настева Сотироска
Менка Неделкова
Менка Петровска Стојанова
Менка Ристеска Михајловска - Боре
Менка Стефаноска
Менка Ташкова
Менка Трпеноска
Менка Шатревска

Рубин Белчески

ЖЕНАТА ВО КРУШЕВО, ГРАДОТ-ИЗБРАНИК, ГРАДОТ-ВОСТАНИК, ГРАДОТ-МУЗЕЈ

Подготвувајќи го трудот за „жената во Крушево и Крушевско“, „прелистав“ повеќе публикации, брошури, каталози за градот-избраник, градот-востаник, градот-музеј, градот Крушево. Во една мала брошура во која имаше и текстови и фотографии, низ страниците „провејуваа“ стихови на Блаже Конески, Славко Јанески, Мите Богоевски и други. Ми „запнаа очите“ на стиховите на македонската поетеса, Радмила Трифуновска (1939-1994), што ми ги навлажнија тие „запнати очи“ и помислив: „Колку е силен поетскиот збор“! Само 30-тина зборови, а сè е кажано: за жената, мајчинството и за љубовта, за минатото, за родината и иднината. Овие стихови ме инспирираа и ме натераа уште подлабоко да „влезам“ во историјата и да ги „пронајдам“ жените, без кои животот нема смисла, без кои нема развој и просперитет. Тие не мораат секогаш да имаат име, но важно е да се почувствува нивниот дух, да се почувствува нивната близина, нивната убавина.

Ќе ви ги „пренесам“ стиховите на инспирација, се надевам дека ќе разбудам и кај вас чувства на љубов, топлина и емоции:

Во градите имам бели кладенци
топла мајчевина
и жива крв за грутката
и родата
што расте честар
зеленика
несеклива.
Во градите имам бели кладенци
топла мајчевина
за внукот
на Војводата.

Крушево, градот што заличува на свиено гнездо, настанал и се развивал во планински предел. Тој е меѓу градовите во светот што егзистира на надморска висина од околу 1.250 метри, а воедно е највисока населба на Балканот. Таа ги чува вредностите од минатото, оние што ги оставиле во аманет луѓето, нејзините жители, но и оние оставени од природата. Меѓу македонските населби, Крушево се вбројува во оние населби за чиешто минато најмногу е пишувано.

Најстариот податок и пишан документ за Крушево е од турско потекло и датира од 1467/68 година, каде што се споменува како мезра, односно сточарска населба, што му била дадена на спахијата Хусеин-бег, заедно со Прилеп и уште 31 село. За него пишува австрискиот конзул во Јанина, патописецот Јохан Хан, а за потребите на виенската Академија на науката. Словенските извори „зборуваат“ за Крушево кон крајот на 19 век, како од село со камени куќи, прераснало во град со чаршија со дуќани, кафеани и цркви.

За него и за неговата историја пишувале грчките историографи, пишувале бугарските и српските историографи, но во нивните историографии, со оглед на фактот што секогаш тргнувале од своите интереси, тие не даваат објективен преглед на неговото историско минато.

По завршувањето на Втората светска војна и ослободувањето, кај нас, југословенската и македонската историографија почнува „срамежливо да пишува“ за нашите градови, за нивното славно минато и во контекст на претходново, за Крушево, секако најголемо внимание ѝ е посветено на Крушевската Република, односно илинденскиот период, како и за периодот на Народноослободителното движење, односно учеството и придонесот на Крушево во победата над мракобесниот фашизам.

Секако, во тие процеси мажот само навидум е „главен“, но жената е секогаш тука, без разлика дали е во „главна“ или „споредна“ улога, но секогаш ја игра значајна улога без која нема одвивање на дејството во „драмата“ на животот.

Во наредните редови, може да се насети, доаѓаме до нашата задача и цел, односно сакаме да ја прикажеме жената како значајна алка во борбите на македонските и другите народи кај нас, како столб на семејството и како непремостлив фактор во целокупниот општествен развојот. Притоа, ќе се задржиме и ќе обрнеме особено внимание на периодот од втората половина на 19 век до годините по ослободувањето и создавањето на македонската држава во рамките на југословенската федерација.

Скриени од турскиот зулум, подалеку од другите населби, крушевчаните, Власите и Македонците, го негувале животот каков што можел да се сретне во развиениот западен свет, помешан со

богатата градска и урбана традиција од Истокот. Но, во исто време се профилирал автохтон модел на живот.

Во времето на турското владеење со Македонија, во Крушево и Крушевско имало различен отпор: невооружен (пасивен), преку ајдутството, со востанија.

Исламизацијата во Македонија полесно навлегувала во градовите, отколку во селата. Во Крушево немало случај цело семејство да го прими исламот, а поединечни случаи биле редок случај. Познати се два случаи на примање на исламот, од кои едниот е од 1839 година, а се однесува на девојката Сота Најдова, која преминала во ислам и го примила името Хедие. Ваквата ретка појава овозможило да не се изградат исламски објекти, како: џамија, теќе, амам, медреса и други верски објекти.

Во 1860 година во Крушево веќе имало класно училиште со машки и женски ученици. Тука доаѓале ученици од Битола и Прилеп, а се одржувало од приходите на родителите на учениците и подароците на богатите трговци и занаетчии. Во служба на револуционерното дело било ставено и Неделното училиште. Целта била во него да се прибираат повеќе граѓани и легално, но на индиректен начин да се влијае во будењето на свеста за другарство, заемна помош, дисциплина, описменување и слично. Во тоа, забележителна улога имала жената-крушевчанка.

На 27 септември 1895 година во Крушево се формира револуционерното јадро на Македонската револуционерна организација. Под нејзино влијание, во 1899 година, во Крушево било основано Женско добротворно друштво „Мајка“ под раководство на учителката Елисавета Ристановска, во кое дошло до израз активноста на жената. Во него, први членки биле жените и сестрите на членовите на револуционерната организација. Тоа вршело благотворни задачи, но во исто време се вршела агитација во интерес на ослободителното движење. Поради официјалните добротворни цели на овие организации, властите не се сомневале во нивната активност. Но, подоцна предавниците, пред властите, ја откриле нивната вистинска дејност. Ова особено се однесува за друштвото „Мајка“, што било прогласено за расадник на револуционерни идеи, поради што било и затворено.

Мал број жени, претежно учителки, индивидуално и осамено работеле на еманципацијата и организирањето на жените. Нивните напори, борбата на жената за рамноправност да биде акцептирана од движечките напредни општествени сили, се реализираат кон крајот на 19 век, во периодот на подготовките на Илинденското востание. Имено, водачите и идеолозите на Тајната македонско-одринска револуционерна организација, спознавајќи ги револуционерните вредности на жената, ја прифаќаат нејзината борба и ја интегрираат во национално-револуционерното движење. Ова го гледаме и од ставовите на македонскиот револуционер, социјалист и близок соработник на Гоце Делчев, Никола Петров-Русински (1875-1943), истакнати на Првата социјалистичка конференција во Македонија одржана во близина ка Крушево на 3 јуни 1900 година по однос на т.н. женско прашање. Тој ќе изјави: „Јас бев идеен и принципиелен поборник на прокламираните идеи на Август Бебел и застанав на страна на жените“. Притоа, да наспоменам дека Август Бебел (1840-1913) е еден од основачите и водач на германските социјалдемократи и на Втората интернационала, како и борец за правата и еманципација на жените. Овие ставови Русински ќе ги застапува до крајот на својот живот и тие ќе најдат своја осмислена примена во неговиот однос кон женските револуционерни друштва во предилинденскиот период во Македонија. Социјалистичката мисла на Русински и неговите ставови за потполна еманципација на жената во Македонија се речиси наполно прифатени од интелектуалките, кои на преминот од 19 во 20 век претежно се од редот на учителките или се сопруги на учители. Доаѓајќи во допир со социјалистичката мисла и литература, а особено таму каде што дејствува Русински, тие се во фаза на сопствено сознавање и сосем јасно ја согледуваат двојната потчинетост и улогата на жената во современото општество. Во конкретните општествено-економски пригоди во Македонија, нивниот прв чекор кон еманципација на сопствената личност е изразен во организирањето и раководењето на женските револуционерни друштва и организации и со директно учество во работата на Внатрешната македонска револуционерна организација. Раководен од социјалистичките начела за еднаквост меѓу луѓето, тој е наполно уверен дека сознаената и ослободена од буржоаските и патријархални норми, жената, е способна да придонесе многу за националното ослободување и националната еманципација на сопствениот народ. Во тој контекст

е и мислата на Русински: „Жената има потреба од сознавање за нејзините права – дајте ѝ ги, таа е великолепна агитаторка и организаторка на револуцијата“.

Пред илинденската епопеја од 1903 година, Крушево бил мошне голем град за тоа време со над 15.000 жители, со приближно еднаков број Македонци и Власи и помал број на православни Албанци. Градот имал своја културна и просветна дејност, додека здравствената дејност, односно служба, не била адекватна за потребите на градот и покриеноста од еден до два лекари. Во овој периодот, во Крушево, иако имало мажи-лекари, сепак надрилекарството не ја изгубило својата улога. Во оваа пригода да ја споменеме надрилекарката Ксенофона, која била многу посетувана од жителите. Најпознатата необразована бабица во тоа време е баба Дина, која ги водела најголемиот дел од раѓањата во Крушево. Статистиката, иако не докрај прецизна, зборува дека смртноста на новородените деца била голема, што било нормално, со оглед на условите за живот, ненахранетост, појава на разни болести, епидемии и слично. Се сретнуваат карактеристични податоци за поединечни случаи со по 12 до 18 родени деца од една мајка или случај кога е родено бебе од страна на една 49-годишна жена. Животната радост била длабоко всадена во душата на жената-мајка. Имало случаи кога во исто време се славеле „трите вечери“ на новороденчето, за да се очекува да умре едно од поголемите деца во другата одаја. Смртта на децата оставале болни траги кај мајката, но по извесно време, радоста ќе ја заменило тагата и така наизменично, мрак и сонце, до крајот на животот. А животот бил и тежок, но и убав, што течел и понатаму со секојдневните обврски. Жената-мајка била основен носител и двигател на животот во семејните гнезда. Многу од нив биле мажени на возраст меѓу 15 и 17 години, сè уште деца, за да се натоварат со бремето на животот, без противење и отпор. Животниот сопатник го запознавале по свршувачката или свадбата „режирана“ и одобрена од таткото, по што следувало време на раѓања и умирања. Девојчето од 15 години прераснувала во стабилна, издржлива и одговорна жена и мајка. Дури и во длабока старост, таа го носела во себе мирот и самодовербата. Долготрајната животна борба ја облагородувала повеќе отколку што ја исцрпувала.

Мнозинството од македонското население им припаѓало на двете познати племенски заедници, Мијаци и Брсјаци, кои живееле во

релативно затворен круг и не се мешале меѓу себе. Прв Брсјак кој се оженил за Мијачка бил некој Јанакија, кој бил наречен „Шуткаш“, бидејќи сите Брсјаци ги нарекувале „шутки“, додека Мијаците биле наречени „патки“.

До Втората светска војна, Влаинките не стапувале во брак со Македонците. Но, од тој период, па наваму, работите се менуваат, така што животниот сопатник, жените го „избираат“ слободно, без разлика на неговата национална припадност, притоа, се разбира, раководејќи се од своите чувства.

Во подготовката на Илинденското востание максимално биле вклучени и жените. Познат е податокот дека куќата на Пашка Бојаџиева во Крушево била претворена во вистинска работилница за правење оружје и леење куршуми. Жените се грижеле за подготовка на храна, а биле вклучени во шивачките работилници за изработка на алишта, во собирањето на житото и за други потреби на востанието. Во подготовките на востанието директно учество имале учителката Фанија Ракиџиева, Коца Јосева и други.

Кога се пишува за востанието во Крушево, не може да не се истакне и одделно улогата што ја играла жената во тие борби. Широката конспиративна дејност што била развиена во Крушево била можна благодарејќи на позитивната улога што ја играла крушевчанката во движењето. Познати се крушевчанките Коца Негревска и баба Кајла Ќуќуровска, кои биле бестрашни курирки, а бестрашната Пара Матева била наречена уште и „мајка на комитите“, за која војводата Петре Ацев ќе напише: „Години на ред, нејзината куќа беше свратилиште на комити и револуционери. Од нејзината куќа излегуваа или влегуваа цели групи востаници, за да се пресоблечат, да земат оружје или истото да го остават... Честопати во пазувите ја криеше востаничката архива, револверот или некое друго оружје. Таа не прашуваше и не сакаше да ги знае имињата на безбројната врвица млади и стари дејци на револуцијата“.

Во задушувањето на востанието, како во Крушево, така и во околните села, се употребувале најразлични свирепи тортури, убивања, тепања, пљачкосувања, палења, уништување покуќнина и разни малтретирања и тортури. Во тие денови, голем број жени и моми ја нашле својата смрт. Покрај тоа, својот бес Турците го „истурале“ врз беспомошните жени, при што голем дел од нив

ги обесчестувале, а оние што ја бранеле својата чест ги убивале. Иако има податоци за околу 165 обесчестени жени, сепак вистинскиот број е многу поголем и никогаш не се дознал, со оглед на фактот што честа на семејството е над сè и не сакале да ја откријат несреќата што ги снашла. По овие настани украденият накит на жените од Крушево се нашол на пазарите во Прилеп и Битола по евтина цена. За тоа биле информирани и битолските конзули, а со тоа и нивните влади.

По задушувањето на Илинденското востание, во светот се организираат разни хуманитарни акции за собирање донации. Познат е податокот за хуманоста на Македонката Терезина Јанкова, по уништувањето на Крушевската Република. Имено, таа живела во Словенија и не се знае дали имала некаква врска со Крушево, но факт е дека таа за нејзините сонародници од Крушево ја испратила првата донација од лекови.

Новоформираниот Крушевски комитет на Револуционерната организацијата настојувал да ги санира состојбите по задушеното востание. Тоа се зафатило со решавање на проблемите од општествено-економски карактер. Во контекст на претходното биле и женидбите што биле оптоварени со обичаи што претставувале товар за бедното население. На девојката се гледало како на работна сила и родителите ја ползувале како таква до оној момент додека требало да ја „отуѓат“ за пари на друг, обично помладо момче од неа, а притоа невестите да однесат чеиз, што родителите не биле во состојба да го дадат. Од друга страна, многу ергени не можеле да се оженат, бидејќи немале пари да ги „наградат“ родителите на невестите. Против овие „тешки“ обичаи се заложил Комитетот и успеал во голема мера да ги спречи овие обичаи, односно да ги сведе на разумни рамки и сето тоа да го изведе преку црквата и женското друштво „Мајка“.

Во статијата посветена на македонските жени-борци, во американскиот весник „The Saint Paul Globe“, од 8 мај 1904 година, се вели: „Жените-борци се појавуваат често во историјата, но во ниту една модерна војна жените не зеле толку активна улога како во сегашната македонска револуција. Во речиси секој бунтовнички одред кој талка по планините на Македонија, спротивставувајќи се на турските војници и на башибозукот со неочекувано брзи напади,

има една или две жени. Моментално има најмалку сто жени кои носат оружје...“

За борбата и херојството на жената во Илинденското востание ќе биде запишано: „Ние немаме само една Јованка Орлеанка, туку десетици... Навикнати сме на жените-борци. Ние не го одобруваме изложувањето на жените на опасностите од битката повеќе од другите луѓе, но сите овие жени имаат право да се борат. Ние лесно можеме да ги замениме со мажи, но кога жената доаѓа со света заклетва да умре во борба против Турците, бидејќи таа, или нејзината сестра или мајка, претрпеле неискажливи злосторства од рацете на Турците, мажот мора да се тргне настрана и да ѝ ја предаде пушката и своето место во групата. Овие жени се најчесто десперадоси, барајќи смрт, а некои од најпознатите херојски дела во нашите кампањи се извршени токму од нив“.

Патријаршијата станала пропагандна институција, а училиштата, бидејќи спаѓале во тој ресор, биле директно под нејзино влијание и служба. По Илинденското востание, Патријаршијата, преку митрополијата, ги поддржувала грчките училишта. Во тој период имало едно женско училиште со шест одделенија и три забавишта. Најсилна била грчката пропаганда, иако постепено зајакнуваат и другите, пред сè егзархиската, српската и романската. Секако, со појавата на Македонската револуционерна организација се развива и револуционерната пропаганда, што сите христијани ги третирала еднакво, обединувајќи ги под паролата „Борба за слободна автономна Македонија“.

За развојот на музичкиот живот во Крушево несомнено има еманципираната „пејачка“ Дафа Цепенкова, тетката на Марко Цепенков, односно сестра на Коста, таткото на Марко. Наум Тахов-Унче (1867-1913), слеп пејач и собирач на народни македонски и влашки песни од Крушево, ни дава информација дека во својот „Зборник на народни песни“, издаден во Софија во 1895 година, запишал 160 народни песни што му ги пренела Дафа, иако таа знаела многу повеќе. Таа живеела и во Прилеп, но доживеела длабока старост од 103 години во Крушево, каде што и починала.

Во периодот меѓу двете светски војни имаме зачетоци на ширење на напредните идеи во Крушево. Тоа е поврзано со формирањето на културно-просветното друштво „Јован Скерлиќ“ во 1927 година,

чијшто патрон е истоимениот српски писател, професор, академик и литературен критичар. Друштвото во своите редови ги собрало сите напредни младинци и младинки кои преку читалната ја „обработувале“ напредна литература, а се организирале и преку другите секции во друштвото. Против дискриминацијата во Крушево дејствувало и напредното друштво „Ѓуро Јакшиќ“.

Ширењето на прогресивните идеи особено се засилило со формирањето на партиската ќелија на Комунистичката партија во 1935 година, што било тесно поврзана со партиската организација на Прилеп, а подоцна и скоевската организација. Во 1940 година е формирана посебна женска скоевска група. Овие организации често организирале масовни излети со подготвени програми, како форма на развивање на својата активност и привлекување поддржувачи. Од овој период познати се „Мајските излети“ на кои се зборувало за историјата и значењето на меѓународниот празник на трудот. Чести биле контактите со напредните младинци и младинки од Прилеп, па во контекст на тоа, од Прилеп во Крушево била носена напредна литература, книги што биле најомилени „лектири“ како: „Мајка“ од Максим Горки, „Како се калеше челикот“ од Николај Островски, „Железна петица“ од Џек Лондон и други.

Во годините меѓу двете светски војни се организирале разни курсеви, предавања, слетови, одбележувања и слично. Една од поактивните жени во партиската ќелија во Крушево во тој период била Нада Ефтимова, која воедно посетувала и курс по есперанто, потоа Гонча Туфа и други. Но, често во Крушево и Крушевско, за зајакнување на партиската организација и контакти со прогресивните учители и учителки, доаѓале и жени-активистки, особено од Прилеп, како: Вера Ацева, Вера Циривири, Панде Чесноска, Андријана Бомбол и други. Од учителките, со своите слободоумни активности се истакнувале: Веселинка Вељковиќ, учителка во селото Бучин, Крушевско, потоа, Нада Паниќ, учителка во соседното село Бела Црква, Милунка Пауновиќ од селото Свето Митрани и учителки од други села помеѓу Прилеп и Крушево, кои преку Околиското учителско здружение имале плодна политичка и партиска активност под влијание на Комунистичката партија. Преку Здружението, особено се спротивставувале на уредбата на Министерството за просвета на Југославија, т.н. „Целибат“, со која се уништувало достоинството, уредба што била дискриминаторска и понижувачка

кон жената-учителка, бидејќи учителките биле присилени да се мажат само за учители, а секоја учителка која ќе се омажела за друг била отпуштена од работа.

Со почетокот на Втората светска војна, поточно окупацијата на Македонија, крушевчани и крушевчанки масовно се приклучиле во народноослободителното движење преку разни форми на активности и отпор. Жените масовно учествувале во активностите поврзани со обезбедување облека и храна, курирската служба, во санитетските активи и друго. Дел од нив биле и во раководните структури на партиската организација на Крушево. Но, жените биле дел и од борбените партизански единици кои со пушка в рака се бореле за слобода на Македонија. Во контекст на претходното, на 22 јуни 1942 година официјално е формиран крушевскиот партизански одред „Питу Гули“, иако своите активности ги почнал од април истата година. Одредот одржал повеќе митинзи на територијата помеѓу Крушево, Брод и Кичево, а извел и повеќе воени акции против бугарските фашистички сили, меѓу кои во селата: Прибилци, Кочиште, напад на рудникот Цер и други. Меѓу борците имало и жени. Една од нив била Елена Костова Аргирова, која се истакнала со своите активности уште пред почетокот на НОБ, кога била член на Месниот комитет и раководела со Комисијата за работа со жени, како и активен член на друштвото „Есперанто“. Во одредот била заменик-политички комесар на чета, а била и во раководните структури на подоцна формираните регуларни воени единици, како баталјонот „Мирче Ацев“, Втората македонска народно-ослободителна ударна бригада и IV дивизија на НОВЈ. Во отсуство, судот во Прилеп, кон крајот на 1942 година, заедно со Антигона Стерјова Туфа, Ефросина Михајлова Димитрова, исто така борци во одредот „Питу Гули“, и Ефигени Николова Стерјова, водач на женска просветна група, биле осудени на 20 години строг затвор.

Од Крушево, носители на високото одликување „Партизанска споменица 1941“ се жените-борци: Елена Костова Аргирова, Сина Димитриовска Михајлова и Вергула Кардула.

Други жени од Крушево кои биле вклучени во народноослободителното движење и дале голем придонес за слободата на својата татковина се: Флорика Бабароска Цветкова, Захарија Берберoска,

Ефигенија Божиноска, Зорка Бочвароска Кондароска, Севастија Буклеска, Вера Велеска, Милица Велјаноска, Петра Георгиевска, Гена Дамческа Јашева, Мена Димитриоска, Роксанда Ивановска Ѓумешева, Костадина Илиевска Дервенџи, Мица Јанеска Трајчева и други.

За учеството на жената во Народноослободителната борба, најдобра дефиниција дал врховниот командант, маршалот Јосип Броз-Тито, кој вели: „Нашите жени, ќерки и мајки учествуваат со пушка в рака во оваа борба. Јас се гордеам што стојам на чело на армија во која има огромен број жени. Тие во оваа борба по своето херојство, по својата издржливост биле и сè на прво место и во првите редови и на сите народи им чини чест што имаат такви ќерки“.

Во повоениот период, жените се мобилизираат масовно во изградбата на опустошената земја. Особено се активираат во периодот на т.н. „задружен систем“ или „колективизацијата“ при основањето ткајачници, предилници, шивачки работилници, сеидбено-жнејачки и други полјоделски задруги и многу други дејности. Жената претставувала значаен чинител на општественото живеење. Таа е активна во фабриките, во установите, во училиштата, таа е „присутна“ во книгите, во песните, на сликите.

Жената е мотив во делата на многу автори од различни области, во литературата, ликовната уметност, музиката и други. Таа е присутна во прекрасните дела на крушевчаните: Васил Иљоски, основоположник на македонската драмска литература, во творештвото на Никола Мартиновски, основоположникот на современото македонско сликарство, кој во своето творештво често ја сретнуваме жената со сета своја убавина, потоа во музичкото творештво на композиторот Таќи Христиќ и кај други автори и уметници.

Жената-крушевчанка, без разлика дали живеела во воено време или време што носи други неизвесности, секогаш се одликувала со голем домаќинлак, со голема работливост. Таа рачно изработувала, плетела или везела завеси, применувајќи техники „ришелје“ или „англе“, што претставувало ремек-дело, како дел од прекрасниот ентериер на крушевската куќа со високоархитектонски вредности. Голем број куќи во Крушево се „приказни сами за себе“. Тие се комбинација на убавото и практичното, на традицијата и

модерното. Куќи со одаи, кујни, мусандри, чардаци со тимпани, долапи, полици, ниши, камини, миндери, со одаи надополнети со разни декоративни елементи, насликани ѕидови и тавани, мебел, касели, килими, јамболии, слики, ламби, лустери, часовници и друго, претставуваат музеи сами за себе. За таквиот складен естетски изглед жената-крушевчанка има огромна заслуга, бидејќи таа е „главниот господар“, домаќинка во куќата, која раководи со „навиките“ и „правилата“ во семејството. Работејќи дома на разбој, крушевската жена рачно правела предено од сурова волна, што ја имала како суровина во изобилство, а од преденото потоа изработувала јамболии, ќебиња, килими и шајак, односно дебел штоф за зимска облека.

Традицијата во Крушево во производството на килими ја искористило семејството Зиси, кое во 1932 години отворило „Килимара“ во која главен збор повторно го имала жената. Во состав на „Килимарата“ работела и бојаџилница за волнено предиво, во која се произведувале прекрасни персиски килими.

Со отворањето на Тутунскиот комбинат во Крушево, во 1938 година, со околу 350 работници, меѓу кои голем број жени ја нашле својата егзистенција, иако обработката на тутунот е мачен процес, воедно тој е штетен по здравјето и причина за смрт на многу жени или што би рекол Кочо Рацин во „Ленка“: „Тутуни – жолти отрови, за гради – китки розови“ или во „Тутуноберачите“, тутунот... „в гради длаби, без да се запре, без дно да најде“...

Но, жената е неуништлива, не се истребува и покрај толку маки и страдања низ тешките времиња, таа повторно „оживува“, „потерува“, „раѓа“ или како што Петре М. Андреевски во своето неповторливо дело „Пирej“ за жената ќе напише: „Како што троскотната трева, пирej, е истрајна, неуништлива и издржлива, така е истрајна, издржлива и неуништлива македонската жена. Пирејот е троскот кој колку сакаш можеш да го кубиш, корнеш, но не можеш да го уништиш. Тој штом ја допре земјата, пак се фаќа, оживува, потерува. Ништо не ја уништува таа трева“.

Сосема на крајот, уште еднаш, сакам да го изразам своето задоволство што учествував во проектот „Музеј на женски приказни“, воедно и честа што ми беше укажана да го „искажам“ своето мислење,

како за „Жената во Прилеп и Прилепско“, односно за жената од градот-востаник од 1941 година, Прилеп, така и со овој труд, за жената од првиот град-востаник од 1903 година, Крушево.

Всушност, „женските приказни“ ги има и во другите градови, насекаде во нашата напатена и мила Македонија. Да продолжиме да ги прераскажуваме приказните, бидејќи тие се дел од нашата историја, а „историјата не нè учи само да го знаеме минатото туку нè учи да знаеме и како да се однесуваме во иднината“.

Користена литература:

1. Крушево, Јубилејно издание по повод 80 години од Илинденското востание и Крушевската република, Крушево, 1983.

2. Крушево – хабитат за човекот, Скопје, 2000.

3. Жените на Македонија во НОВ 1941-1945, Зборник на документи за учество на жените од Македонија во НОВ и Револуцијата 1941-1945, Избор, редакција и коментар: Д-р Вера Весковиќ-Вангели и Марија Јовановиќ, Скопје, 1976.

4. Д-р Александар Матковски, д-р Крсте Битоски и др., Историја на Крушево и крушевско, книга прва, Крушево, 1978.

5. Крушево – десет дена република, уредник Вера Тодорова, Скопје, 1968.

6. Прилози за Илинден 1978, материјали од научниот собир Научно-културни средби „Десет дена Крушевска република“, Крушево, 1979.

Мери Шпарла
Милица Велеска
Милица Димеска
Милица Спиркоска Томева
Милка Богдановска
Милка Јованова Крстеска
Милка Талеска
Милка Хаџиилиоска (Анчева)
Мира Јанеска
Мира Камчева Мојсова
Мирјам Попадиќ
Митра Врчичкоска Јован
Митра Димовска (Темелкова) Симонова
Митра Мојсоска Ратковиќ
Митра Темелкова (Миланова) Василева
Митра Хаџипопова
Мица Поп-Андонова
Мица Спиркова Димкова
Нада Богданова
Нада Бошева
Нада Здравеска Костова
Нада Здравеска Стеванова
Нада Ковилоска Шишкоска
Нада Ламеска
Нада Маќероска Свеќароска
Нада Мирчева Артинова
Нада Николова Јорданова
Нада П. Ачкоска
Нада Пилическа Магдеска
Нада С. Секуловска
Нада Соколовска Дамеска
Нада Соколоска Спирова
Нада Христова
Нада Циривири Костова
Нада Чопелоска Митре
Натка Ќосева
Наумица Ласова
Невена Павоска – Галеица
Неда Пазевска Мурџева
Неда Петкова
Неда Ташкова

Илина Јакимовска

СТРЕИТЕ ШТО ПЛАЧАТ: КАКО ЕДЕН РОДОВ СТЕРЕОТИП МОЖЕ ДА СЕ ИСКОРИСТИ ЗА НЕГОВО УРИВАЊЕ ОД ВНАТРЕ

Живо се сеќавам на моментот кога првпат инсистирав на „материјалноста“ на телото на една континентална филозофска конференција. Искуството не беше пријатно. Кога зборот „материјално“ излезе од мојата уста, дејството беше како да сум прднала. Не претерувам. Веднаш почувствував дека атмосферата во собата се промени кога оние што до пред малку беа убедени во мојата здраворазумност одеднаш почувствуваа како во собата навлезе нешто неочекувано и непријатно. Во дискусиите што следуваа некои феминистички истражувачи великодушно ми дадоа шанса да ја појаснам мојата позиција и да се спасам, со прашања како: „Вие не зборувавте, навистина, за телото што е непосредувано, што е 'природно', што е надвор од јазикот и дискурсот, тело што не е отворено за мноштво интерпретативни читања, нели?“ Се обидов да објаснам, но залудно. Не бев поканета на вечерата по предавањето заедно со другите феминистички теоретичари, а кога наидов на еден од организаторите на конференцијата додека зборуваше со еден од истакнатите предавачи надвор од хотелот, тие веднаш замолкнаа.

Сузан Бордо, *Доближување на телото до теоријата*

Повикот за „мноштво интерпретативни читања“, особено во академските кругови, често е само привид на демократски капацитет на одредена интелектуална заедница, која всушност го овозможува и го поттикнува тоа „мноштво“ единствено доколку неговите поединечни манифестации се вклопуваат во веќе постојната парадигма за толкување на одреден феномен. Под површината на таа наводна плуралност всушност се разоткрива еден систем на размислување што воопшто не е подобар, пообединувачки и повеликодушен од оној хегемонискиот и тоталитарниот. Примерот за којшто зборува Бордо укажува на (буквално) тивкиот бојкот на идејата за материјалноста на телото и оттаму на родовоста, што во општествените и хуманистичките науки и во западната мисла воопшто, заради столетијата бинарно опозиционирање на телото наспроти умот, сè уште е елемент на раздор помеѓу „вистинските“ феминистички теоретичари и оние другите. На термини како „гени“, „хормони“, „крв“ и „месо“, едноставно не им „личи“ да се на иста конференциска маса со високоинтелектуалните „дискурс“, „парадигма“ и „херменевтика“, затоа што првите се сфаќаат како премногу приземни, речиси вулгарни и гнасни.

Ваквиот зазор од поврзување на женската физиологија со родовиот, па и човечки идентитет, е разбирлив (и) во локален контекст. Сведувањето на женското тело на репродуктивен инструмент и поврзувањето на женската чесност исклучиво со телесното (телесна невиност, „чистота“) и историски, но и актуелно е основа за деградација и етикетирање, и надвор и внатре женската заедница. Секако, за ова придонесува и актуелната конзервативно-десничарска политика и нејзините досегашни кампањи поврзани со современата улога на жената, спроведувани во последнава деценија. Таа политика формално се „вози“ на таканаречените „традиционални“ вредности кога е во прашање жената и нејзината улога на домаќинка и мајка, а реално (и иронично) само ги усложнува и ги отежнува условите во кои жената навистина може, доколку е тоа нејзин избор, навистина да ужива во овие улоги. Многудетноста на нашите прабаби, и покрај сосема различните животни околности во кои таа можеби не била ниту посакувана, ниту планирана, притоа се зема како идеолошка основа за промовирање на ист таков модел во сегашноста. Се тврди дека жената „отсекогаш“ била вака третирана во народната култура, дека таа улога ѝ е „природна“ и дека оттаму сè што е спротивно на ова претставува подривање на стабилно воспоставената хиерархиска структура и поделба на задолженија, чијашто основа е во нормите, но и во реалноста на животот на нашите предци.

Отпорот на активист(к)ите за женски права, академските феминист(к)и и женските организации кон политичката манипулација со еден ваков стереотип е не само оправдан туку и неопходен. Сепак, од аспект на некој што е образован и академски израснат во традицијата на етнологијата, чијашто основа е токму во приземните, теренски податоци од секојдневниот живот во минатото и денес, а не на некакви високопарни и крајно апстрактни родови теории, сметам дека во целиот тој процес сосе валканата вода се исфрла и „бебето“, односно дека доброволно се откажуваме од алатка (читај: оружје) што, доколку е употребена умно и доследно, може да претставува клучен елемент токму на отпор кон тој доминантен, национал-патријархален дискурс. Имено, инсистирајќи на дисконтинуитет помеѓу тоа како живееле, мислеле и се чувствувале нашите женски предци и нашата денешна ситуација, на тој начин самопрогласувајќи се за единствено „освестени“ и повикани

да ги еманципираме не само актуелните генерации туку ретроактивно да ги „укориме“ и оние наводно пасивните и неосвестени од минатото, не само што се поставуваме арогантно туку често и игнорантно или, просто, неинформирано. Ситуацијата послековито може да се опише низ фолклорната метафора на „при очи слеп“ – она што се пренебрегнува, прескокнува или воопшто не се гледа е скриената, не манифестна ами латентна родова борба на жените од минатото, изразена преку различни семејни и поширок општествени активности – разрешување конфликти, преговори, тактички потези – што од нив правеле активни, иако затскриени агенси на микросоцијалната промена.

На „феминистичките“ собири на кои сум била поканета оваа идеја, најблаго кажано, не наидувала на топол прием. Слично како и тврдењата на Бордо за материјалноста на телото, и ова било толкувано како ретроградно, начин да се оправда реториката на (машката) моќ и на девојките и на жените да им се советува и денес да прибегнуваат кон истите механизми на субверзивност како што тоа го правеле некогашните жени, во услови кога и немале друг избор.

„Вие не зборувавте, навистина, дека жената треба и денес да се служи со лукавства и измами само за да ги оствари своите права, нели?“ гласеше едно од (реторичките) прашањата од публиката, по тон речиси идентично на погорецитираното прашање упатено кон Бордо. И јас како и таа се обидов да објаснам, но залудно. Веќе никогаш не бев поканета на собир на феминистки. Единствен што ми дојде по разговорот, со насмевка и подадена рака беше – еден брадосан маж.

Секако, етнографскиот еснаф не е изземен од одговорноста за перпетуирањето на споменатиот стереотип на „смерна и послушна жена“, кон кого денес со задоволство се посегнува заради политички причини. Во отсуство на цврста теориска рамка како клуч за толкување на понекогаш контрадикторните теренски податоци на оваа тема, истражувачите кои од триесеттите години на двасеттиот век работеле на теренот на Македонија, на пример, често и самите не можеле да дадат конечен суд за положбата на жената во семејството, но и во поширокото општествено опкружување. Еден од поинтересните вакви двосмислени пристапи е оној на Миленко Филиповиќ (1902-1969), познатиот српски етнолог и антропогеог-

раф. Пишувајќи за обичаите и верувањата во скопската котлина, тој во 1937 година го вели следново: „У старо време, не смееле да стојат на јавно место маж и жена и да зборуваат. Засебно играат оро жените, а засебно мажите. И инаку жената вон куќата е со понизок статус од мажот. Во Скопје многу често може да се види како на коњ јава селанец од Скопска Црна Гора, а пред него оди неговата жена во свечена облека и на левото рамо ја носи колепката со детето“.[1] Од друга страна, во подоцнежен текст објавен во состав на книгата „Човек меѓу луѓето“ од 1991 година[2], Филиповиќ зборува за жените како народни старешини кај некои балкански народи, детално наведувајќи примери, со име и презиме, на жени кои заради различни историски и економски околности, но и заради сопствената харизма, успеале да станат старешини на цели села, меѓу другото и во Македонија. Секако, не се работи за истите географски локации, ниту, пак, за истите жени од претходниот пример. А сепак, паѓа во очи тоа што жената во една иста народна култура (на Македонците) еднаш се прогласува како некој што е јавно во втор план, потчинета на мажот, односно мажите во нејзиното непосредно опкружување, а во вториот случај како некој што може да извршува дури и највисоки функции во истата таа, наводно, патријархална средина.

За контрадикторноста да биде поголема, во споменатиот текст за обичаите во скопската котлина, Филиповиќ, зборувајќи за феноменот на „врзувањето“, односно предизвикувањето импотенција кај мажот по пат на магиско дејствување, вели: „Мажот го врзува маѓесница или девојка која ја сакал, па ја напуштил, па таа му се свети, правејќи магии... Во Кучково велат дека и невестите, кои биле порано дефлорирани, го врзуваат младоженецот за првата ноќ да не утврди дека не била чесна“. Значи, овој пат истите жени кои неколку страници претходно покорно одеа пеш пред коњот на кој спокојно јава нивниот „стопан“, одеднаш се способни, дури и заради најмал каприц, да му ја одземат репродуктивната, а со тоа и општествената сила. Во речиси истиот период, ваквите вештини, овој пат на поречките жени, детално ги опишал и Јосиф Обрембски, во неговите обемни материјали посветени токму на магијата.[3]

Секако, не би требало да бидеме престроги кон овие рани обиди за етаблирање на етнологијата како наука на овие простори. Од друга страна, интересно е да се одбележи она што во англискиот се на-

[1] Филиповиќ, Миленко С.: „Обичаји и верованьа у скопској котлини“, СЕЗБ, књ. LIV, том 1, Етнографски институт, Београд, 1939, стр. 483.

[2] Филиповиќ, Миленко: „Човек меѓу људима“, Српска књижевна задруга, Београд, 1991.

[3] Обрембски, Јозеф: „Македонски етносоциолошки студии“, Матица Македонска, Скопје-Прилеп, 2001.

рекува „tipping point“ – моментот на промена на одреден дискурс или појава, до која воделе серија помали настани, што овозможиле таа да се наметне со сета своја сила. Таков е текст објавен дури во 2000 година, во списанието на Институтот за етнологија и антропологија „Етноантропозум“, под наслов „Статусот на жената во традициската селска заедница и семејство“[4], во кој авторката Анета Светиева, надоврзувајќи се на претходни истражувања на механизмите на женската супкултура во балкански контекст на Дуња Рихтман-Аугуштин и на Лилјана Гавриловиќ, ги тестира тврдењата за несовпаѓањето на јавно промовираниот, идеален модел на традициска култура, со оној реалниот, врз примери од Македонија. Трагајќи по исклучоци од општоприфатените модели на семејно здружување, таа најпрвин го детектира мајчинскиот тип на задруга, а веднаш потоа ги споредува идеалниот со реалниот модел на права и обврски на жената во класичната татковска/братска семејна задруга. Дури и на прв поглед е јасно дека постои значајно непоклопување, што оди во прилог на освојување на таканаречени латентни женски права, и тоа преку механизмите на женската супкултура, што ја вклучува спомената женска обредност (белата и црната магија), но и кражбата, лагата и дволичноста. На крајот од текстот се наведуваат народни поговорки што ја одразуваат наведената дихотомија манифестно/латентно, соочувајќи ги идеалите на корисна и подјармена жена со онаа лошата и лукавата, но и латентно прифатениот компромисен модел на мажот и жената како целина, како во поговорката „Кој си бие жената, тој си бие снагата“.

Следната, 2001 година излегуваат уште два текста што дополнително ја развиваат наведената теза, едниот врз примери од словенечката традициска култура на Бизељско и Козјанско[5], а вториот се однесува на промените на дел од женската носија на Македонците со муслиманска вероисповед од селото Мелница.[6] Еден од заклучоците произлезени од теренските истражувања во Словенија е дека во Бизељско и Козјанско жената со многу мудрост, женска дипломатија, инстинкт и лукавство успевала да го води домаќинството, а притоа да не го доведе во прашање традицискиот модел на селската заедница, во кој доминирал машкиот принцип: „Жената успевала да ги израмни разликите меѓу половите со помош на специфичните механизми на женската култура, користејќи притоа

[4] Објавено во ЕАЗ бр. 1/2000, достапно на http://www.iea.pmf.ukim.edu.mk/EAZ/EAZ_00/Svetieva_mak_EAZ_00.pdf.

[5] “Women in the Traditional Culture of the Bizeljsko and Kozjansko Regions“, Etnolog, Glasnik Slovenskega muzeja, 11, Ljubljana.

[6] „Транзиција на ‘терлик‘“, Македонски фолклор бр. 58-59, Институт за фолклор „Марко Цепенков“, Скопје, стр. 168-186.

повеќе разум и инстинкт отколку емоции. Сфаќањето за бракот повеќе како нужност и ред отколку како емоционална врска, само по себе ѝ овозможувало на жената да остане во реалноста и да создаде одредена животна стратегија за успешно совладување на сложените животни ситуации“, се вели во заклучокот на текстот.[7]

Серијата текстови посветени на родовите прашања на Светиева се заокружува во 2002 година, со оној посветен на женскиот сениорат (обичај на склопување брак помеѓу постари жени и помлади мажи) во традициската култура на Македонците.[8] „Внатре во семејната структура, на егзистенцијално ниво, позицијата на жената не била толку неповолна како што понекогаш можеме да прочитаме. Практично, ретки се примерите на куќи (семејства), каде што во внатрешните семејни односи машката група има изразито позначајно место од женската“, се вели во овој текст, уште еднаш потврдувајќи го децидниот став на авторката дека работите во родова смисла ниту денес, ниту во минатото, не стоеле црно-бело, како што тоа понекогаш било прикажувано во делата на претходниците.

Промовирањето на ваквиот став во македонската етнологија, во обем, на начин и во време кога е направено, имаше клучно влијание врз подоцнежниот развој на локалните етнолошки истражувања на родовоста. Секое понатамошно инсистирање на толкување на родовите улоги во македонската традиционална култура исклучиво низ призмата на патријархалното и патрилинеарното едноставно стана невозможно. Ова влијание е видливо особено кај средната и поновата генерација етнолози, кои своите трудови, за антропологијата на интимноста, за телото и воопшто за женските прашања, ги базираат, меѓу другото, и врз клучното сознание за дуалноста помеѓу видливите и помалку видливите, но не и помалку влијателните аспекти на родовите односи, што не се секогаш лесни за детектирање, дури и кога се работи за истражувања на сопствената култура. Од големо значење во оваа смисла е и докторската дисертација на Јелена Цветановска, посветена на гревот и казната во народната култура, како и нејзиниот филм „Женски приказни“, што вклучува автобиографски рефлексии на неколку возрасни жени за нивниот статус во селската средина и односите со сопругот, низ кои се потврдуваат претходно изнесените ставови, не за црно-белата, туку за поизнијансираната ситуација со машко-жен-

[7] “Women in the Traditional Culture of the Bizeljsko and Kozjansko Regions”, Etnolog, Glasnik Slovenskega muzeja, 11, Ljubljana.

[8] “Female Seniority Principle and Accompanying Elements in the Traditional Culture of Macedonians”, Gender Relations in South-Eastern Europe, Belgrade-Graz, pp. 115-124. На македонски објавен во ЕАЗ бр. 3/2003, достапен на http://www.iea.pmf.ukim.edu.mk/EAZ/EAZ_02/Svetieva_EAZ_02_mak.pdf.

ските, но и женско-женските и машко-машките односи во нашата култура.

Сепак, надвор од тесниот еснафски круг на етнолозите, антрополозите и оние што се занимаваат со родови прашања во рамките на други академски дисциплини, сè уште останува голем простор за промовирање на, во најмала рака, интелектуална скепса при фиксирањето на одреден идентитет (во овој случај родов, во минатото) за еднаш засекогаш дефиниран, неподложен на деконструкција, демистификација или барем сомнеж. За многумина статусот дури и на современата, урбана жена, како што видовме на почетокот на овој текст, е или треба да биде „подвластен“ на мажот, при што обидот да се излезе од наводно наследениот, а всушност само замислен модел, се толкува како увезена новина и каприц, а не за сосема вообичаена појава, карактеристична за латентните слоеви токму на таа, традиционална култура. Споделената свесност за овој проблем, пак, во поширокиот круг активисти и поддржувачи може да обезбеди силна основа во историјата на локалната борба за женски права, која на овој начин добива свој континуитет и свои анонимни, но реални хероини. Наместо секогаш кога ќе го споменеме нивниот статус да ја цитираме поговорката „Женско кога ќе се роди и стреите плачат“, можеме за промена да посегнеме и по некоја друга. На пример по оваа, кај Цепенков:

„Жените отполу удолу му се кажуваат на мажите, а отполу угоре не му се кажуаат“.

ЛИТЕРАТУРА

Обрембски, Јозеф (2001): „Македонски етносоциолошки студии“, Матица Македонска, Скопје-Прилеп.

Svetieva, Aneta (2001): “Women in the Traditional Culture of the Bizeljsko and Kozjansko Regions”, Etnolog, Glasnik Slovenskega muzeja, 11, Ljubljana.

Svetieva, Aneta (2002): “Female Seniority Principle and Accompanying Elements in the Traditional Culture of Macedonians”, Gender Relations in South-Eastern Europe, Belgrade-Graz, pp. 115-124.

Филиповиќ, Миленко С. (1939): „Обичаји и веровања у скопској котлини“, СЕЗБ, књ. LIV, том 1, Етнографски институт, Београд.

Филиповиќ, Миленко (1991): „Човек међу људима“, Српска књижевна задруга, Београд.

Никодинка Стефановска
Норка Ристеска
Нушка Стојческа Трајкова
Нушка Теохарева
Олга Аризаноска Урдароска
Олга Миливојевиќ Николовска
Оливера Василева Спирова
Ордана Димовска
Ордана П. Велјанова
Ордана Трпеноска
Павилна Пирганоска
Павлина Иваноска Тодороска
Павлина Калајџиска Крстеска
Павлина Колароска Цветан
Павлина Лозаноска
Павлина Пирганова Јованова
Павлина Сотироска (Христоска)
Павлина Спиркоска
Панда Андоновска
Панда Соколоска Ацева
Панде Чесноска
Пандилица Николовска
Пандора Андонова Тодева
Пандора Г. Чесноска – Илиевска
Пандора Крстеска
Пандора Пепељугова Самоковлиева
Пандора Стојаноска
Пандора Џувалековска
Пара Андреевска
Пара Газиноска Николова
Пара Георгиевска Војневска
Пара Наумоска Цветаноска
Пара Пајмакоска (Газиноска)
Парасија Јовеска Костова
Параскева Петрова Георгиева – Ковачевиќ
Парушка Чаталова
Паца Мирчева Ѓоргиева
Паца Митревска – Ѓушеица
Паца Тодоровска
Паца Трајчевска

Елена Марчевска

ГРАНИЦИТЕ И МАЈКАТА: НЕВОЗМОЖЕН ПРЕМИН

Joe Mulroy: Why do you think he'll leave?

Frank Dixon: Because he slipped through and fell in a crack. Nobody likes staying in a crack because they're nothing. Nobody likes to be stuck in a crack.

(excerpt from The Terminal – 2004, 3'')

ПРЕОЃАЊЕ ГРАНИЦИ/ПРЕОЃАЊЕ ГЕНЕРАЦИИ

Традиционално, границите ги гледаме како линии што го делат просторот. Како последната линија помеѓу митолошките „ние" и „другите". Особено е тешко да го пишувам овој текст додека Европа искусува една од најголемите хуманитарни кризи. Но, сметам дека е особено важно да се дискутираат темите поврзани со интергенерациската траума, границите и мајчинството.

Често се навраќам на Мајкл де Серто, кој вели: „Она што мапата го прикажува, човечката приказна го бележи". Секогаш треба да го земеме предвид локалниот контекст и транснационалните нарации додека контемплираме на два типа знаење: официјалните апстрактни мапи и личните вотелотворени приказни. Пишувајќи за своето дело „Десет месеци", Сузан Хилер навлегува во комплексна територија и вели: „Моето Јас е простор за размислување чувствување, сензации. Не е само непробојна телесна граница. Идентитетот е соработка".

Дневник, Ден 4

Немам многу блиски роднини кои емигрирале или живеат во други земји. Мојата фамилија секогаш била среќна во Македонија и горда на своите врски со регионот, без разлика на тешките социјални и политички услови. Иако мојата баба од мајчина страна секогаш раскажуваше за татко ѝ, единствен кој живеел и работел во Чикаго, САД. Во тоа време, почетокот на 20 век, тоа патување било речиси невозможно и најчесто тие што заминувале никогаш не се враќале. Иако мојот прадедо се вратил и останал да живее во Македонија. Секако, причините за неговата одлука се мистериозни и никогаш

не беа дискутирани на фамилијарните собирања. Тајно, баба ми ни кажуваше дека за сè се виновни Балканските војни и тврдоглавоста на прадедо ми.

Кога ја добив стипендијата да студирам во школата за уметност на Институтот во Чикаго, веднаш отидов да ја посетам баба ми. Таа имаше неколку мозочни удари за кратко време и веќе се бореше со деменција. Но, кога, за време на ручекот, ја соопштив веста за моето заминување, нејзините очи блеснаа и за момент таа беше како и претходно – духовита и полна со живот. Воскликна од радост: „Знаев дека ќе бидеш ти!“ Потоа ме зеде за рака и ме замоли да ги остварам соништа на дедо ми. Ми подари кутија со стари фотографии и стар пасош што припаѓал на дедо ми. Кутијата сега беше моја, јас заслужив да ја имам. Имало многу причини зошто Тодор, мојот прадедо, бил тивок човек и никогаш не зборувал за својот живот во САД. Тој секогаш бил екстремно либерален со своите ќерки и се погрижил да бидат образувани и самостојни. Зборувал англиски и италијански и секој ден тивко ја преиспитувал својата одлука да се врати во Македонија.

Кутијата беше подарок со многу болка, на некој начин беше Пандорина кутија – врата во животот на некој што многу се трудел да го скрие. Дури и денес ми тежат овие сеќавања, излитени фотографии што се портал во еден изгубен живот. Сè уште се трудам да разберам зошто баба ми ми ги даде токму мене и единственото нешто што го паметеше јасно во последните денови од својот живот беа моето име и мојата локација. Кој е процесот што нè поврза сите нас во оваа болна приказна за миграција, граници и невидливи премини?

Моето истражување е дел од моето тело и несомнено е поврзано со мојата историја. А тоа е многу специфична историја, на човек кој е заробен во загадочен премин, долг период. Човек кој е заробен во „свет на бесконечни кризи и постојана фрагментација“. Врската помеѓу моето тело, теоријата и методите што ги користам е најзначајниот елемент на моето истражување на границите. Не можам да ги презентирам своите аргументи без да ви понудам дел од моето лично искуство преку моето рефлексивно пишување.

ГРАНИЦИТЕ И МАЈКИТЕ

Дневник, Ден 91

Животот помеѓу два света е напорен. Направо е како болест, не можеш да избегаш или да се скриеш. Влегува длабоко во твоето тело. Ја покрива секоја бариера што те штити.

Delivery at gate.

Има два излеза. Еден кон надвор. Еден кон внатре. И јас помеѓу.

А: „Ни недостигаш.“ Нејзините очи се полнат со солзи.

Не можам да ѝ ја соопштам веста.

Б: „Можеби ќе останеме.“

А: „Ќе останете каде?...“

Б: „ Не сум сигурна...“

Размислувам на мојот прадедо. Како можеш да ја соопштиш загубата?

Мојот уметнички проект „Valid until...“ (2009-2011) ги истражува темите на границите и мајчинството. Се состои од серија на автобиографски анегдоти, перформативни фотографии и видеа што беа остварени во период од 140 дена. Периодот е симболичен и соодветствува со сто и четириесет прашања што треба да ги одговорам за себе, за моите деца и за фамилија во апликацијата за виза за Обединетото Кралство. Ова е предизвик што постојано се случува на луѓето како мене. Поради тоа што доаѓам од југоисточна Европа, мојата валидност и легалност е сомнителна и треба да се верифицира од граничната администрација на Западна Европа. Така што, периодот од сто и четириесет дена е период во кој мојот легален престој во Обединетото Кралство беше верифициран.

Границите можат да бидат изградени однадвор, да бидат физички и реални, невозможни за преоѓање. Јас чувствувам должност како уметник да зборувам за мајчинството како политичка состојба. Состојба во која телото е поделено и го носи во свет детето. Но, исто така, состојба што има висок степен на одговорност, особено

за интергенерациското искуство што децата ќе го доживеат кога ќе ги проаѓаат границите. Тајлер алудира дека: „Теоретските и креативните дела за мајчинството се централни за иднината на радикалната феминистичка политика. Да се размислува за и од мајчинството е да се генерира алтернативна реалност на неолибералниот дискурс. Дискурс што е базиран на рефлексивна индивидуализација што секојдневно ја кочи промената стимулирана од политичкиот отпор против капитализмот“. (2008: 5) Во моето истражување и во моите перформативни интервенции, јас сум особено заинтересирана за односот помеѓу материјалната реалност на мајчинството и како мајката-уметник го претставува своето искуство со границите. Лис сугерира дека преку феминистичките концепти за козависност, интерсубјективност и мајчинско себесознавање, уметницата е способна да зачне нов социјален уметнички процес што функционира на границата помеѓу мајката и Другиот (2009). Ова може да се поврзе со работата на филозофот Сара Рудик, чијашто фундаментална идеја е мајчинското размислување, што според неа придонесува кон подлабока политичка и филозофска дискусија за Другиот. (Ruddick in Bassin, Honey, and Kaplan, 1994: 30)

Сметам дека е особено битно да ја споменам и Глорија Анзалдуа во овој контекст. Особено нејзината сугестија за гранични простори. Според неа, границата е воспоставена како простор што е сигурен (или несигурен), што нè дели „нас“ од „нив“. Од друга страна, граничните простори се ефемерни и недефинирани, исполнети со емоционални спомени за неприродната граница. Граничните простори на Анзалдуа се во постојана транзиција. Сиксу исто така ги опишува граничните простори и како тие ја дефинирале зоната на неприпаѓање додека била дете. Таа вели: „Заминав кон Франција, само немав идеја кога навистина ќе пристигнам. Иако бев физички во Франција, јас не бев таму. Долго време мислев дека никогаш нема да пристигнам во Франција. И тоа ме вознемируваше. Бев изненадена дека толку многу сакам да заминам. Дури мислев дека заминувањето ќе ми помогне да пристигнам. Во тој наивен период, изгледа многу чудно дека не можеш да пристигнеш. Цела година ја чувствував земјата како да се тресе, улиците беа непознати, бев како болна. Сè додека не разбрав дека оваа состојба не може да ми наштети, дека е само бескрајно тешко да живееш во зона во која не припаѓаш“. (1986: 169)

За време на сегашната бегалска криза, мајчинското е во исто време присутно и невидливо. Се зборува за мајчинската перспектива во јавниот дискурс, но дијалогот е некохерентен. Додека пишувам за мајчинското, јас реферирам не само на материјалното и телесното искуство поврзано со мајчинството (како бременоста, воспитувањето, лактацијата – што сите се добро опфатени од медиумите на некој начин). Јас сум повеќе заинтересирана во идентитетот на мајките и значењето на мајчинството во криза. Што значи да си емоционално поврзан со своите деца и со другите околу себе. Како се развиваат социјалните ролји што го дефинираат мајчинството во време на криза? Ирене Гедалоф теоретски го карактеризира значењето на репродуктивната ролја на жените-имигранти. Според неа, тие живеат помеѓу два света. На пример, во нејзиното истражување, жените-имигранти во Италија секојдневно користат комплексни стратегии за да го дефинираат својот дом. Особено е тешко за нив да ја одржат емоционалната врска со својата земја на потекло и да го зачуваат идентитетот на своите деца. Иако јас аргументирам дека овој пристап не ги опфаќа практичните импликации од овој животен стил. Додека е јасно дека жените-имигранти имаат комплексни мајчински стратегии, оваа теорија функционира само ако имаш два стабилни простора, Италија и земјата од која доаѓаат. Додека реалноста е многу поинаква и мајчинството е акт на балансирање: секојдневни разговори на „Скајп“ со „домот таму“, балансирање на различни јазици. Треба да процениш кога да го користиш кој јазик со своето дете. И сè е сосема различно кога плаче детето, ти крвавиш, млекото тече, чувствуваш вртоглавица во туѓ простор, во туѓа култура. Значи, прашањето не е само како мајките-имигранти се ограничени од структурите околу нив. Прашањето е како ги разбираме тие структури како динамични, што постојат и ќе постојат засекогаш во транзиција. Крајната поента е дека живееме во свет што е организиран околу мобилноста, движењето на луѓе и добра и постојана циркулација. Неприпаѓањето е централна поента на постмодерната ера.

КАДЕ Е МОЈОТ ДОМ, МАМО? ИЛИ НАМЕСТО ЗАКЛУЧОК

Кога мојата ќерка имаше пет години, проаѓавме низ тежок период како имигранти и не можевме да одиме во Македонија често. Таа

особено сакаше да оди во Македонија за велигденските празници, но јас ѝ објаснив дека и јас и мојот сопруг мораме да работиме и дека тоа е невозможно. Навидум, таа го прифати ова објаснување. Иако, кога отидов во кујната половина час подоцна, на нашата трпезариска маса таа беше напишала со големи букви Dear mum and dad, when I grow up, I will live in Macedonia. Најнапред се изнасмеав. Но, вечерта долго време не можев да заспијам. Почнав да ги преиспитувам сите моите одлуки. Минатото не е одвоено од сегашноста. Моите деца ме потсетуваат на ова секој ден. Минатото е постојано разбиено на помали делови, што се реинтегрирани во нашата сегашност. Како да го најдам вистинскиот начин да ти објаснам зошто решивме да имигрираме? Пишувам милион писма во мојата глава, за сите радости и болки на мајчинството како имигрант. Во мојата уметност нејзиното тело е покрај моето, заедно ги проаѓаме физичките граници. Ние двете во транзициски простор. Ние двете дома. Ние двете во постојано лимбо, чекајќи визи. Детски цртежи на куќи. Бескрајно многу прашања за тоа каде припаѓаме. Сеќавања за местата каде што не припаѓаме.

Сакам повторно да се навратам на сегашниот момент на криза. Уште една бегалска криза во Европа. Особено е битно во овие моменти на криза да не ги заборавиме личните приказни и гласови (мојот, твојот, нејзиниот, на мојата ќерка, на сите ќерки кои се заборавени во граничните простори). Моето размислување на гласови тука е слично на размислувањето на Друсила Корнел, која вели дека гласот треба да се користи против немоста. Немоста заради која женската реалност исчезнува. Немоста не значи само дека жените се безгласни. Значи дека нивното постоење не е артикулирано, бидејќи никој не може да го слушне. (1991: 3) Ова е особено битно во овие моменти на очај кога треба да најдеме начин да размислуваме емпатично со другите. Треба да се грижиме за себе и за другите. Токму затоа визуелните, концептуалните и уметничките преиспитувања на границите и мајчинството се битни. Тие ни овозможуваат да се одметнеме од патријархалните, сексуалните и расистичките ставови што нè опкружуваат во овој момент на криза. Не смееме да дозволиме овие ставови да го одвојат телото од разумот, интимното од политичкото, и нас луѓето, едни од други.

Библиографија:

Anzaldua, G., 1987. Borderlands/La frontera: The New Mestiza. San Francisco: Spinster/Aunt Lute.

Bassin, Donna, Margaret Honey, and Meryle M. Kaplan. 1994. Representations of Motherhood. New Haven: Yale University Press.

Certeau, M. D., 1984. The practice of everyday life. Berkeley: University of California Press.

Cixous, H. and Clement, C., 1986. The newly born woman. Manchester: Manchester University Press.

Tyler, I., 2008, Why the Maternal Now? Available: http://www.lancs.ac.uk/fass/sociology/papers/tyler-whythematernalnow.pdf [Accessed 23/1/2011]

Пенка Котеска Илиева
Пенка Котеска Илиева
Пеша Димоска Јованова
Писана Петрова Милошева
Рада Бошкоска Тодорова
Ратка Барутовска Методиева
Ратка Бистричка
Ратка Јанкуловска
Ратка Ковачева Протугерова
Ратка Крстевска
Ратка Маркоска
Ратка Смилеска
Ратка Стојаноска Десоска
Ребека Мердохај
Ристана Наумоска
Ристосија Стојчевска
Роза Камхи
Росанда Маркоска
Румена
Савка Манеска Ѓоргиева
Сарина Песо
Сафка Маневска Ѓорѓиева
Севда Кочова
Сика ,,Венеција”
Симка Белазелкоска Бошкова
Сирма Војвода
Славка Манеска
Славка Стојаноска
Сопругата на Георги шоверот
Спаса Торбоеска
Спасија П. Шаоска
Спасија Ангелеска
Спасија Беличанец Мирева
Спасија Г. Шабаноска
Спасија Димеска Андова
Спасија Иваноска
Спасија Јованова Георгиева
Спасија Мајкова
Спасија Мирисалоска
Спасија Нешковска
Спасија Петроска Цекова

Горан Јанев

СПУШТЕНИ ГЛАВИ: РЕПРОДУКЦИЈА И РАЗБИВАЊЕ НА СТРУКТУРНОТО РОДОВО НАСИЛСТВО ВО МАКЕДОНИЈА

Во ресторанот таа седеше на масата до него, а во количка спиеше нивното бебенце. Тој ѝ ’ржеше. Таа само го гледаше со страв во очите со спуштена глава...

Битола, Македонија, лето, 2014 година.

Што паметиме не е случајно, ниту, пак, е прашање на личен избор. Што паметиме како заедница не е воопшто случајно. Го паметиме она што е значајно, како индивидуи и како заедница. А кој и како дефинира што е значајно за секој од нас како индивидуи, а што за заедницата? Пред сè, дали е можно да зборуваме за неделиви личности – индивидуи – кои се дел од заедницата и каде се границите на заедницата? Што нè чини посебни и како се дефинираме, односно кој нè дефинира? Што паметиме и кој ни кажал што треба да паметиме? Ова се особено важни прашања за основните идентитетски определби што нè формираат како личности и како припадници во човечката заедница.

Една од најсуштинските идентитетски определби е родовата. Во најголема мера условена од половата припадност, таа, некако претпоставуваме, природно изникнува низ нас. Дополнително, половата припадност и родовата определба, природно или нормативно, нормално ја одредува и нашата сексуална ориентација. Сè надвор од границите на овие нормалности се смета за девијација, отстапување, бенигно или сериозно опасно. Од раѓање до смрт учиме сетилно и разумски по принципот на паметење. Паметиме кои движења се корисни, ефикасни за да фатиме тропалче, за да проодиме, кои гестови се користат за различни намени, паметиме и учиме што носи резултат и задоволување на потребите. Како поединци учиме и се приспособуваме благодарение на нашиот мнемонички капацитет. Како заедница, исто така. Прашањето е само што е кому примарна и најважна заедница и каде се границите на заедницата на која ѝ припаѓаме.

Земете го за пример семејството како заедница. Она што претставувало семејство пред една или две генерации е целосно променето денес и веројатно ќе се смени дополнително за уште една генерација подоцна. Почнувајќи од бројноста на нуклеарното семејство, поврзаноста на неколкуте хоризонтално и вертикално поврзани

нуклеарни семејства, значењето на внатрешното уредување на семејните односи, потесно и пошироко сврзани крвно и инаку роднински во еден систем на семејна заедница која постојано пулсира и се менува.

Земете ги за пример границите на една етничка заедница. Каде завршуваат етничките граници? На некоја политичка територијална граница, во рамките на крвното сродство, што претпоставува етничка хомогеност? Или, земете за пример една нација. Што ја дефинира и ја оградува нацијата, да речеме, по однос на миграциските текови и дијаспоричните делови? Кому му припаѓаат поединците родени во една земја кои се преселиле и живеат во друга или, пак, кому припаѓаат нивните деца? Глупаво наивно или, подобро кажано, и глупаво и наивно звучат сите овие прашања, а сепак каков било одговор е многу поглупав и понаивен. Сепак, не можеме да ја отфрлиме потребата од припадност во заедница и оттаму неопходноста за дефинирање на идентитетските заедници на кои сме се решиле или сме прифатиле да им припаѓаме.

Не само што идентитетот е повеќеслоен феномен условен од припадноста во разните заедници туку и заедниците при своето оформување и дефинирање, пред сè, се опремуваат и се дефинираат идентитетски за да ни го вратат тоа што сме го внеле во нив. Родовиот идентитет на заедницата пати од условеноста од доминантно прифатените вредности. Намерно не велам општо прифатените вредности, затоа што тоа имплицира целосно слободен избор на претходно утврдени или тековно оформени вредности. Доминацијата подразбира односи на моќ, директна, брутална, видлива и опиплива или суптилна и затскриена релација на наметнување.

И кога ќе се прашате што видовте во еден музеј треба да се прашате и кој го изложил и како го изложил тоа нешто во музејот. Треба да се прашате за кого е наменет и за што е наменет тој музеј. Музејот не е само мнемоничка машина што ни помага да паметиме, туку дека е едукативна машина преку која учиме како за минатото, така и за сегашноста. „Музејот на женски приказни“ е ефемерен, минлив, но впечатлив, можеби и незаборавен проект што ќе нè потсети дека избришаните жени, неиспишаните страници женска историја можат да бидат напишани и да останат да сведочат за едно минато поцелосно и поисправно, па и поправично.

Овој кус текст не може и не претендира да биде антрополошки придонес на „Музејот на женски приказни“, затоа што антропологијата црпи од етнографијата, а јас со ваков од народот испишан материјал, не располагам. Единствено можам да понудам антрополошка перспектива за родовиот идентитет на оваа почва, индивидуален и колективен, односно секогаш преплетен од овие две компоненти. Погледнато од уште повисоко, можеме да го скицираме и родовиот идентитет на заедницата за која говориме. Музејот ви дозволува да обопштувате и да контекстуализирате и да се фокусирате на детали. Музејот е секогаш на располагање за ваше преиспитување. Јас само ќе се обидам да го помогнам тој процес на преиспитување на изложеното во овој музеј.

Жената во традиционалната стручна литература не била особено третирана, посебно не од аспект на препознавање на моделите на родови политики и формално или неформално нормирани односи. Ретките етнолошки или антрополошки записи од оваа почва од минатиот век главно го имаат прифатено патријархалниот модел на семејни и општествени односи како најточно отсликување на состојбите. Во голема мера се во право оние што некритички се позиционираат во рамките на патријархалниот модел, иако е сосема полезно да се осврнеме критички на таа позиција, на што нѐ потсетува и Ашталковска (2005). Неколкуте записи од антрополозите кои истражувале на овие простори, особено Обрембски (Obrebsky, 1977), ја истакнуваат значајната јавна улога што ја имаат жените во заедницата, предизвикувајќи го општоприфатениот патријархален модел како најлесно објаснување за општественото уредување во Балканот.

Балканот е еден од првите региони во кои доаѓаат антрополози од странство да го проучуваат локалното население. И тие ги применувале востановените аналитички модели за анализа на политичкиот модел на организација и сродничките односи. Патријархалниот модел на општествени односи, линеарното сродничко организирање биле веќе етаблирани од антрополошките студии во Африка, а Балканот како племенска и егзотична област го добил истиот третман и, соодветно, како што појаснува Кембел (Campbell, 1964), насекаде се барале тие африкански сродднички линеарни структури. Најблиску до тоа биле номадските пасторални групи и тие го привлекувале најголемото внимание.

Студиите на семејните задруги на Балканот и нивните остатоци во пред и повоениот период ја рафинираат анализата на семејните и општествените односи, а сепак родовите односи остануваат недоволно обработени (Rheubotom, 1996; 1976; Byrne, 1976). За тоа ќе треба да ја почекаме феминистичката критика и усвојувањето на овие корективи во антрополошката теорија за да добиеме понијансирана и побогата слика, како на минатото, така и за сегашноста. Улогата на жената во крупните општествени движења постепено се менувала и со напливот на урбанизацијата и зголемената општа описменетост за да претрпи огромни промени во време на социјализмот кога каналите на општествена мобилност пошироко се отвораат и за жените. На овие простори сведочиме трансформација, иако можеби пребавна и секако недоволна, на општествената прифатеност на жената како рамноправен општествен субјект. Во секоја општествена сфера, во политичкиот живот, образованието, здравството, се среќаваме со истото, дека доминираат мажите на високите и раководните позиции. За да се смени ова, мораме да го смениме и својот однос и сфаќањето за минатото и за одредеността и условеноста на родовите општествени улоги.

Како што отстапувањето по однос на патријархалниот и патрилинеарниот модел ни укажува, така и отвора простор за зголемена критичност на преостанатиот дел од општествената анализа. Жената не била секогаш пасивна, субјект туку и активен чинител. Колку и да била структурно подредена, улогата на жената имала огромно влијание на севкупните односи, макар и со прифаќањето. Трансформацијата на општествените конфигурации никогаш не е брза и темелна. За темелни промени тие мораат да се одвиваат во континуитет и во сите области, и во јавната и во приватната сфера. И тука е најсилниот адут на маргинализираните, само треба да сфатат дека тие се активните чинители на тие промени.

Тоа што имало помалобројни примери на жени во родово невообичаени улоги, не значи дека се потврдува патријархалниот модел, а сепак ја истакнува неговата доминантност. Навраќањето на минатото, музејско, уметничко, книжевно, академско е бесполезно доколку од него не учиме за иднината, доколку не сознаеме кој ги продуцирал и како ги репродуцирал односите на моќ и надмоќ. Тоа што „Музејот на женски приказни“ успева да го извади

на површина е повеќе предупредување за во иднина, отколку коректив на минатото, но секако неопходен и ужасно значаен коректив. Најважно е што женските приказни се приказни за жени, нешто што премногу долго не се коригирало во јавниот дискурс.

...Бебушот во количката се подзаврти и се разоткри. Таа рипна да го покрие. Тој ја грабна за рака и ја тресна назад на столчето. Откако ѝ до'ржи, ја пушти. Таа веднаш скокна и со молба во очите заковани за него пријде до количката и го покри малото. Седна назад на столчето со спуштена глава.

Пелагонија, Македонија, лето, 2014 година.

Библиографија:

Ашталковска, А. (2005). „Патријархатот е виновен за сè", ЕтноАнтропоЗум, Бр. 5, стр. 170-187.

Byrnes, R.F. (ed.) 1976. Communal Families in the Balkans: essays by Philip E. Mosely and essays in his honour, University of Notre Dame Press, Notre Dame.

Campbell, J.K. 1964. Honour, Family and Patronage: A Study of Institutions and Moral Values in a Greek Mountain Community. Oxford, Clarendon Press.

Obrebski, J. 1977. Ritual and Social Structure in Macedonian Village, Research Reports, Department of Anthropology, University of Massachusetts, Amherst.

Rheubottom, D. 1996. Land, Labour and the Zadruga, Manchester Papers in Social Anthropology, No. 3, Dept. of SA, University of Manchester.

Rheubottom, D. 1976. „Time and Form: contemporary Macedonian households and the zadruga controversy", in Byrnes.

Спасија Симоноска Маркова
Спасија Сусулеска
Спасија Талеска Орданова
Спасија Шаоска Пејова
Стева Богоевска
Стева Бојкоска Кирова
Стева Бошкоска Мирческа
Стева Георгиеска
Стева Расколиоска
Стеве Богатинова
Стеве Грижоска Стеванова
Стеве Јованоска – Бешироска
Стеве Крнческа Јованоска
Стеве Петреска
Стеве Расолкоска Јорданова
Стеве Тутеска
Стевка (Симоница) Угриноска (Петроска) Симонова
Стевка Димова Рампова
Стевка Стојковска
Стевка Угриноска
Стела Камхи
Стојанка Никодинова – Павловска
Стојанка Џајкоска Ристеска
Стојна Кумпаниоска
Стојна Рендевска
Стојна Стефаноска Силјаноска
Страла Делиџаковска Мери
Талија Ристеска Ицева
Тана Блажејца
Таса Илиева
Таса Китанова
Таса Тодоровска
Тодорка Зуграфоска – Илијоска
Тодорка Плетварска Георгиева
Тодорка Спиркоска Панева
Трајанка Каранфилска – Божиновска
Фана Велјанова
Фана Кочовска - Цветковиќ
Фана Мајкова Тозија
Фана Талевска
Фана Трајкова

Христина Иваноска

ЗА ЦРТЕЖИТЕ

Првата половина на 20 век за жената во Македонија, или именувана како ТАА, ќе значи голем чекор кон низа предизвици што ќе го обележат нејзиниот пат за еманципација. За мене беше важно да го разберам контекстот во кој се случуваат овие одлучувачки општествени, политички и културни трансформации, што ќе ја предизвикаат жената да ја согледа својата позиција и нејзината важност, преземајќи сè поактивна улога во јавниот живот и во политичките случувања. Инспирирана од материјалот насобран при заедничкото истражување, изработив серија на цртежи што следат некаква базична временска хронологија. Она, пак, што е претставено на цртежите, нивната содржина е базирана на четири помали концепти што произлегоа од исчитувањето и разгледувањето на материјалот. На дел од нив се претставени текстови и зборови испишани со црна, сина и црвена боја. На другите се појавува комбинација на слика и збор.

На цртежите со бел текст на црна основа се испишани фактографски податоци што треба да ни доловат фрагменти од историскиот контекст во кој дејствува ТАА. Зборовите испишани со црвено алармираат; тие укажуваат на пресиите со кои се соочува ТАА, но и нè потсетуваат на тоа која е ТАА денес и што треба да биде утре. Со синатa боја е испишано она што е невидливо, неопипливо, ефемерно, духовно, душевно, тоа што е само нејзино, и љубовно и болно и смртно и бесмртно.

На другите цртежи се претставени фрагменти од облека и различни идентитети на жени без црти на лицата. Нивната недефинираност е намерно ослободен простор во кој ќе се зберат сите оние познати и непознати, идентификувани и неидентификувани, гласни и молчаливи ТАА. Облеката ја следи нејзината трансформација, нејзината потрага по идентитет што не е дефиниран и кој постојано се деконструира, транзитирајќи од женска во машка во андрогина родова (не)дефинираност. Овие „новосоздадени слики“ се базирани на фотографии насобрани при истражувањето. Во секоја од нив е извезена по една нејзина општествена или политичка определба на дејствување и збор што ја дообјаснува и ја потсилува нејзината позиција. Тие конструираат нови можни матрици на сеќавања.

Сите цртежи се изработени на оризова хартија одбрана токму заради нејзината кревкост, впивливост и транспарентност, слична на природата на оваа материја. Нејзината историска позиција е кревка, зашто е недоистражена, маргинализирана, заборавена. ТАА е впиена во нас, зашто ние сме ќерки на нашите мајки, баби, прабаби. Нејзината комплексност не дозволува еднодимензионално исчитување, туку наложува транспарентност и повеќеслојност при нејзиното толкување и интерпретирање.

Гваш и молив на оризова хартија,
димензија: 70 x 45 см,
година: 2015


НАСИЛСТВО
МАНИПУЛАЦИЈА
СЕКСУАЛНОСТ
КРИТИКА
ПАТРИЈАХАТ
ПОТЧИНУВАЊЕ
СТЕРЕОТИП
ТИРАНИЈА

Гваш и молив на оризова хартија,
димензија: 70 x 45 см,
година: 2015

НА ПОЧЕТОКОТ ОД XX ВЕК
ВО ИДЕЈНИОТ РАЗВИТОК
НА ЖЕНСКОТО ДВИЖЕЊЕ СЕ
ЈАВУВААТ ДВА ПРАВЦИ:
ФЕМИНИСТИЧКИ КОЈ ГИ
ОПФАЌА ГРАЃАНСКИТЕ
СЛОЕВИ, И ПРОЛЕТЕРСКИОТ
КОЈ СЕ РАЗВИВА МЕЃУ
РАБОТНИЧКАТА КЛАСА
ПОД ВЛИЈАНИЕ НА
СОЦИЈАЛИСТИЧКИТЕ ИДЕ

Гваш, молив и конец на оризова хартија,
димензија: 70 x 45 см,
година: 2015

ДОБРО
ЖУРНАЛКА

Гваш и молив на оризова хартија,
димензија: 70 x 45 см,
година: 2015

ЖЕНСКО ТЕЛО
НЕДОФАТНО ТЕЛО
ФЛУИДНО ТЕЛО
ГЕТОВИРАНО ТЕЛО
СОЛИДАРНОТЕЛО
ТЕЛО-КРИК
ВОИСТОРИСКОТЕЛО

Гваш, молив и конец на оризова хартија,
димензија: 70 x 45 см,
година: 2015

Гваш и молив на оризова хартија,
димензија: 70 x 45 см,
година: 2015

ВО ПЕРИОДОТ ОКОЛУ
ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ
КУРИРСКАТА СЛУЖБА
ЈА ВРШЕШЕ ПРЕТЕЖНО
ТАА БЕЗ НИКАКВА НА-
ДОКНАДА. ТАЈНАТА БЕШЕ
ЗАГАРАНТИРАНА ЗОШТО
ТАА БЕШЕ НЕПИСМЕНА

Гваш, молив и конец на оризова хартија,
димензија: 70 x 45 см,
година: 2015

ВОЛОНТЕРКА

ДУЭТОВ

Гваш и молив на оризова хартија,
димензија: 70 x 45 см,
година: 2015


ГЕНЕАЛОГИЈАТА
НА СЛОБОДАТА
Е ГЕНЕАЛОГИЈА
НА ОТПОРОТ
ИЗРАЗЕН ПРЕКУ
ПАРАДОКСИТЕ НА
МЕЛАНХОЛИЈАТА

Гваш, молив и конец на оризова хартија,
димензија: 70 x 45 см,
година: 2015

РАЗБОЛНИЧКА

ПРИПАГАЊЕ

Гваш и молив на оризова хартија,
димензија: 70 x 45 см,
година: 2015


ВО НОБ ЗА МАКЕДОНИЈА
УЧЕСТВУВААТ 5.752 ЖЕНИ
А ЗАГИНУВААТ 306
7 ИМААТ ОРДЕН НА
НАРОДЕН ХЕРОЈ
120 СЕ НОСИТЕЛИ НА
ПАРТИЗАНСКА
СПОМЕНИЦА 1941
ГОЛЕМ БРОЈ СЕ ОДЛИКУВАНИ
ЗА ХРАБРОСТ
И ДРУГИ ЗАСЛУГИ

Гваш, молив и конец на оризова хартија,
димензија: 70 x 45 см,
година: 2015

ПАРТИЗАНКА
ОМСК

Гваш и молив на оризова хартија,
димензија: 70 x 45 см,
година: 2015

ПРОТЕСТИРА
АЛАРМИРА
СЕ БОРИ
ИНИЦИРА
ДЕМОНСТРИРА
ДЕКОНСТРУИРА

- МЕМОРИЈА ЗА ХРАБРОСТА, СЛОБОДАТА, ПОСВЕТЕНОСТА И ЉУБОВТА

Фана Трајкова
Фана Цион
Фанка Манивиловска
Фанче Дамеска Николова
Фанче Дамеска Трајкова
Флора Глигорова
Флорина Штраконјова
Фроса Андреевска
Хелена Исак
Цвета Вујанац (Мирисалоска – Наскова)
Цвета Терзиоска
Цвета(нка) Бакалинова Хололчева
Цветанка Антулеска Спирова
Цветанка Блажевска Спировска
Цветанка Зајкоска Конева
Цветанка Костоска Миланова
Цветанка Коцева Јанакиоска
Цветанка Крстеска Којадиновиќ
Цветанка Милева
Цветанка Момчилова Илиева
Цветанка Орданоска Рампова
Цветанка Р. Јордановска
Цветанка Сенокозлиева
Цветанка Холчева
Цен(к)а (Цветанка) Светиева
Цена Вељаноска Вељана
Цена Деспотовска Орданова
Цена Јованоска
Цена Оџоска
Цена Павлова
Цена Панова
Цена Прчипетлица
Цена Ристеска
Цена Ристеска Јованова - џинорозот
Цена Светиева
Цена Шеќероска Никола
Цене-Трајанка
Ценка Крстеска
Ценка Тутеска Наумоска

...и сите знајни и незнајни храбри жени...

TA

A

БИОГРАФИИ
КОАВТОРКИ НА ПРОЕКТОТ

ИСКРА ГЕШОСКА
е основач и претседател на „Контрапункт“ – Асоцијација за развој на критичка теорија, социокултурен активизам и современи уметнички практики. Уште од 1994 година е активна во градењето и зародишот на независниот културен сектор во Македонија и застапувањето за неговата политичка релевантност. Нејзиниот клучен фокус е развојот на критичкото мислење и критичките теории, како и односот на културно-уметничките практики, политичкото и политиката. Беше директорка на независниот културен центар „Точка“ од неговото формирање, па сè до неговото затворање (2002 – 2010). Уредник е во издавачката куќа „Темплум“ и во списанието „Маргина“ во периодот од 1998 до 2008 година. Беше советник во Министерството за култура на Република Македонија во периодот од 2003 до 2005 година. Претседател е на „Јадро“ – Асоцијација на независната културна сцена. Како член на Хелсиншкиот комитет за човекови права се застапува за афирмација на културните права и правото на култура. Учествува во активистичките процеси што придонесуваат за демократизација на општеството. Има објавено над сто есеи, стручни трудови во сферата на критичката теорија, изведувачките уметности, визуелните уметности и културните политики.

ХРИСТИНА ИВАНОСКА
(1974, Скопје) дипломирала и магистрирала на Факултетот за ликовна уметност во Скопје. Од 2014 година е докторски кандидат на Академијата за ликовна уметност во Виена. Иваноска работи со објекти, текст, цртеж, видео, инсталација и перформанс, најчесто интердисциплинарно, критички истражувајќи ги постојните социјални и политички системи и нивната поврзаност со теоријата и историјата. Таа има остварено шеснаесет самостојни претставувања и многубројни групни изложби во значајни институции и независни простори во земјава и странство. Од 2000 година соработува со уметникот Јане Чаловски. Нивниот заеднички проект „Ние сите сме сами во ова“ ја претставуваше Република Македонија на 56. Венециско биенале (2015). Нивни индивидуални и заеднички дела се дел од значајни јавни и приватни колекции. Во 2004 година го основаат Проектниот простор „Прес ту егзит“, што е програмски базирана уметничка иницијатива за истражување и продукција во полето на визуелните уметности и кураторските практики. „Прес ту егзит“ е коосновач на „Јадро“ – Асоцијација на независната културна сцена, а Иваноска во моментов ја извршува позицијата на претседател на Управниот одбор.

ВИОЛЕТА КАЧАКОВА
(1978, Скопје) завршува Економски факултет во Скопје, магистрира на катедрата на УНЕСКО за Интердисциплинарни постдипломски студии за менаџмент во култура и културна политика на Балканот на Универзитетот за уметности во Белград. Од 2006 година работи како проект-менаџер во „Локомотива“ – Центар за нови иницијативи во уметноста и културата и е програмски уредник за културни политики, филм и визуелни уметности. Продуцент е на два кратки анимирани филма, прикажани и наградени на домашни и интернационални филмски фестивали. Од 2006 година е музички соработник во независната радиостаница „Канал 103“. Од 2012 година соработува со независната музичка издавачка куќа „ПМГ Рекордингс“ како графички дизајнер и диџеј. Член е на „Јадро“ – Асоцијацијата на независна културна сцена во Македонија.

БИЉАНА ТАНУРОВСКА ЌУЛАВКОВСКИ
активно дејствува во полето на независниот културен сектор, иницира, програмира, и раководи со многубројни програми и проекти. Коосновач и директор е на НВО „Локомотива“ од 2003 година, што ги кооснова “Кино Култура“ – простор за современи изведувачки уметности и современа култура, и „Јадро” – Асоцијација на независната културна сцена, каде што е дел од Управниот одбор. Во 2005 година ја кооснова и активно ја развива „Номад Танц Академија“ – платформа за современ танц. Работи како консултант на програма за Европската фондација за култура, консултант за развој на методологија за стратегија за култура на град Скопје, и развој на регионалната стратегија за културен развој на пелагонискиот регион. Фокусот на нејзиниот професионален интерес е во истражувањето на културните политики, проблематизирање на нивното влијание врз развојот на социокултурниот систем, работните услови, уметничката практика и управувачките модели на институциите. Работи како предавач на ФМУ во Скопје, а и независно. Објавува стручни текстови и уредува списанија и книги. Таа е дипломиран историчар на уметност и магистер по интеркултурализам, менаџмент во културата и културна политика.
Во моментот е докторанд на Факултетот на драмски уметности во Белград.

БИОГРАФИИ
АВТОРИ НА ТЕКСТОВИ

ИЛИНА ЈАКИМОВСКА
е вонреден професор на Институтот за етнологија и антропологија. Дипломирала, магистрирала и докторирала на Институтот за етнологија и антропологија при ПМФ, УКИМ. Докторската теза ја одбранила во 2008 година, под наслов „Телото во македонската народна култура: нормирање, воспитување, надзор и казнување“, со посебен акцент на родовите аспекти на темата.
Авторка е на две теориски книги од областа, „Амбар на душата: етичкото во поговорките“ и „Телото: етно-антрополошка студија“. Била етнолошки консултант на филмовите на Милчо Манчевски, „Прашина“ и „Мајки“. Има објавено и две збирки поезија, „Сонце во тегла“ и „Најважната игра“ (со цртежи на Иван Јакимовски). Ја уредува рубриката за култура „Букбокс“, на порталот офф.нет.

АЛЕКСАНДАР ЛИТОВСКИ
е роден во Битола на 2 март 1967 година. Основно и средно образование заврши во родниот град. Дипломира, магистрира и докторира на Филозофскиот факултет во Скопје – група Историја. Вработен е во Националната установа – Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Битола. Секретар е на Одделението за историско-географски науки при Македонското научно друштво од Битола и секретар на Општинскиот одбор на Сојузот на борците од НОАВМ – Битола. Соработува со разни весници и списанија и е член на Здружението на новинари на Македонија. Автор е на повеќе изложби со историска тематика, на повеќе научни статии и прилози, како и на поголем број новинарски статии и есеи. Автор е и на 17 книги и брошури, како и на поголем број статии и прилози во научни списанија.

РУБИН БЕЛЧЕСКИ
е роден во 1966 година во Прилеп, каде што и завршил основно и средно образование. Дипломира на Филозофскиот факултет – Институт за историја на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј“ – Скопје. Вработен е во Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Прилеп, како кустос советник – историчар, каде што извршува педагошко-водичка служба во музејските поставки и културно-историските споменици во Прилеп. Активен е и на полето на научно-истражувачки работи. Автор е на изложби, стручни и научни трудови од областа на историјата,

музеологијата и заштитата на културното наследство. Со свои трудови и предавања, учествувал на конференции и други манифестации во земјата и странство. Член е на организации и здруженија од областа на науката, историјата и музеологијата.

АНАСТАС ВАНГЕЛИ
е докторант на Високата школа за општествени истражувања при Полската академија на науки во Варшава и стипендист на Фондацијата „Цајт-Ебелин и Герд Буцериус“ од Хамбург. Неговиот примарен истражувачки интерес се траекториите на политичка промена и конвергенција во Источна Европа и Кина и глобалното распространување на принципите на авторитарното неолиберално владеење. Претходно, се образувал и работел во Скопје, Будимпешта, Пекинг и Брисел. Придонесува кон повеќе политички движења и иницијативи во Македонија.

ГОРАН ЈАНЕВ
е вклучен во наставната и истражувачката работа при Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања при УКИМ, Скопје како вонреден професор. Се стекнува со звањето доктор на науки по социјална антропологија на Универзитетот Оксфорд во 2006 година. Од 2008 до 2011 година е на пост-докторат во Институтот за истражување на религиски и етнички различности „Макс Планк“ во Гетинген, Германија. Се занимава со политичка антропологија, меѓуетничките односи и различитостите и урбана антропологија.

ЕЛЕНА МАРЧЕВСКА
е интердисциплинарен уметник и истражувач. Магистрирала на престижната школа за уметност на Институтот во Чикаго во САД, а докторирала на Универзитетот во Нортемптон, Центар за практика и истражување во Обединетото Кралство. Нејзината работа е концентрирана на односите помеѓу театарот, мајчинството и литературата. Таа пишува за креативниот активизам и за мајчинството како креативен двигател.

УРЕДУВАЊЕ:
Искра Гешоска, Виолета Качакова
и Биљана Тануровска-Ќулавковски

ВОВЕДЕН ТЕКСТ:
Виолета Качакова и Биљана Тануровска-Ќулавковски

АВТОРИ НА ТЕКСТОВИ:
Рубинчо Белчески, Анастас Вангели, Искра Гешоска, Христина Иваноска, Илина Јакимовска, Горан Јанев, Александар Литовски и Елена Марчевска

АВТОРКА НА ЦРТЕЖИ:
Христина Иваноска

ФОТОГРАФИЈА:
Жарко Чулиќ

ЛИКОВНО И ГРАФИЧКО ОБЛИКУВАЊЕ:
Јана Ацевска и Христина Иваноска

ПОДГОТОВКА ЗА ПЕЧАТ:
Јана Ацевска

ЛЕКТУРА НА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК:
Дејан Василевски

ИЗДАВАЧ:
Локомотива – Центар за нови инцијативи во уметноста и културата
Луј Пастер 3, 1000 Скопје
Е-пошта: contact@lokomotiva.org.mk; www.lokomotiva.org.mk

МОТИВ НА КОРИЦА:
© Христина Иваноска, Цртеж во црвено, 2015,
акрил и молив на хартија

* * *

Публикацијата се реализира во рамки на проектната активност “Музеј на женски приказни” чии ко-авторки се: Искра Гешоска, Христина Инаноска, Виолета Качакова и Биљана Тануровска-Ќулавковски.

„Музеј на женски приказни“ се реализира во рамките на проектот „Културата во улога на територијален развој и социјална кохезија“, развиен и поддржан во рамките на Програмата за Децентрализирана соработка помеѓу регионот Долна Нормандија од Франција и Република Македонија, а програмски уреден и имплементиран од Локомотива – Центар за нови иницијативи во уметноста и културата во соработка со областа на заливот Мон Сен Мишел од регионот Долна Нормандија, Франција.

© 2016 Локомотива и авторите. Сите права за ова издание се заштитени со закон. Забрането е копирање, умножување и објавување на делови или на целото издание во печатени и електронски медиуми или за друг вид јавна употреба или изведба без претходна согласност на издавачот и на авторите.

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

305-55.2:316.7

МУЗЕЈ на женски приказни [Електронски извор] / автори на текстови Рубинчо Белчески ... [и др.] ; уредување Искра Гешоска, Виолета Качакова, Биљана Тануровска-Ќулавковски; воведен текст Виолета Качакова, Биљана Тануровска-Ќулавковски; цртежи Христина Иваноска; фотографија Жарко Чулиќ]. - Скопје : Локомотива - Центар за нови иницијативи во уметноста и културата, 2016

Начин на пристап (URL): wwww.lokomotiva.org.mk. - Текст во PDF формат. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 15.07.2016. - Автори на текстовите: Рубинчо Белчески, Анастас Вангели, Искра Гешоска, Христина Иваноска, Илина Јакимовска, Горан Јанев, Александар Литовски и Елена Марчевска

ISBN 978-608-65194-3-8
1. Гешоска, Искра [автор]
а) Феминизам б) Родови студии - Културолошки аспекти
COBISS.MK-ID 101449994